**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Четириесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 25мај 2000 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1 со почеток 12,20 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше потпретседателот на Собранието на Република Македонија г-динот Иљаз Халими.

**ИЉАЗ ХАЛИМИ:**

Ја отворам Четириесет и седмата седница на Собранието на РМ.

Пратениците Радомир Карангелески, Стојан Попов, Хисни Шакири и Насер Зибери ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат ан седница.

Ве молам да притиснете едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Моментално на седницата присуствуваат 62 пратеника.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството патеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се претседателот на РМ Борис Трајковски претседателот и члановите на Владата на РМ и гувернерот на Народната банка на РМ.

Законодавно - правната комисија предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со барања за давање автентично толкување на член 7 став 1 од Законот за комунални дејности, поднесено од Советот на општина Кисела Вода.

Предлогот на Комисијата ви е доставен.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 49 пратеници од кои 47 за еден воздржан и еден против.

Значи, немаме доволно пратеници, немаме кворум или пак не гласале сите.

Ве молам уште еднаш да гласаме.

(Во меѓу време влегуваат пратеници во салата).

Законодавно - правната комисија предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со барања за давање автентично толкување на член 7 став 1 од Законот за комунални дејности поднесено од Советот на општина Кисела Вода.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 67 пратеници, од кои 60 за, 3 воздржани и 4 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Комисијата за прашања на избори и именувања предлага дневниот ред за оваа седница да се дополни со предлози на Одлуки за избор на членови на управните одбори на јавните здравствени организации: Медицински центар - Тетово, Завод за здравствена заштита - Велес, Здравствен дом Демир Хисар, Специјална болница за белодробни заболувања и туберкулоза Јасеново - Велес, Здравствен дом Скопје, за изменување на Одлуката за избор на претседател и членови на комисиите на Собранието на РМ и за именување на претставници на Републиката во Советот на Природно математичкиот факултет при Универзитетот Св. Кирил и Методиј - Скопје.

Предлозите на одлуките се поделени.

Предлогот на Комисијата го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеника, од кои 58 за, 2 воздржани и тројца против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред.

1. Предлог на Закон за вработување на инвалиди.
2. Предлог на декларација за еднаквост при вработувањето на припадниците на националностите.
3. Барање за давање на автентично толкување на член 7 став 1 од Законот за комунални дејности, поднесено од Советот на општината Кисела Вода.
4. Предлог на одлука за потврдување на годишната сметка на Народната банка на РМ за 1999 година.
5. Предлог на одлука за потврдување на финансискиот план на Народната банка на РМ за 2000 година.
6. Предлог на одлука за разрешување и избор на член на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар - Тетово.
7. Предлог на Одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за здравствена заштита - Велес.

8. Предлог на Одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Демир Хисар.

9. Предлог на Одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Специјална болница за белодробни заболувања и туберкулоза Јасеново - Велес.

10. Предлог на Одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Скопје.

11. Предлог на Одлука за именување претставници на Републиката во Советот на Природно математичкиот факултет при Универзитетот Св. Кирил и Методи во Скопје.

12. Предлог на Одлука за изменување на одлуката за избор на претседател и членови на Комисијата на Собранието на РМ.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред.

За збор се јави г-динот Љатив Пајкоски.

**ЉАТИФ ПАЈКОСКИ:**

Г-дине потпретседателе, почитувани пратеници и претставници на Владата.

Јас предлагам за првата наредна седница Министерството за образование да подготви и достави Информација, според кои критериуми и од кои причини наводно има издадено наредба на в.д. директорот на училиштето "Јосип Броз Тито" во Жировница, патрониот празник "25 Мај" наместо на денот 25 мај да се прославува на 24 мај и дали воопшто ова министерство има издадено таква наредба и дали во таа наредба стои изричито дека на денот на патрониот празник на училиштето "25 Мај" наставата мора да се изведува како и секој обичен ден. Имено, се работи за следното.

Само неколку денови пред прославата на патрониот празник на Основното училиште "Јосип Броз Тито" од село Жировница, кое што, морам да напомнам, всушност претставува и селска слава која што се прославува 40-тина години, од кога ова училиште го носи тоа име, за која што селска слава практично не само граѓаните на Жировница, туку и пошироко од општината Ростуше дури доаѓаат и оние што се наоѓаат на привремена работа надвор од Републиката.

Само неколку дена пред одржувањето на оваа прослава, беа направени сите подготовки, ВД директорот или ако сакате само наречениот директор на ова училиште ги известува граѓаните и вработените дека има наредба лично од министерот оваа прослава да не се одржи на 25 мај туку на 24 мај. Јас лично се сомневам дека постои таква наредба, но барам Министерството да се изјасни по оваа иницијатива. И уште нешто.

Самоволијата на овој човек отидоа до таа крајност што всушност и на самата иконографија на бината, која што беше поставена во селото всушност немаше ниту еден симбол кој што ќе покажува дека се работи за патронен празник на училиштето, односно селска слава. Всушност и до таа крајност неговата ароганција отиде што лично по негова наредба од програмата беше исфрлена песната, односно стихотворбата за децата од Жупа, која што требаше да ја рецитира еден ученик и тоа само од негови причини.

Во таа смисла граѓаните на Жировница и општината Ростуше крајно револтирани за денес во 14,00 часот имаат организирано прослава, од која што ќе произлезе и отворено писмо до министерот за образование и до јавноста.

Барам ова Министерство со информација која што ќе ја достави до првата наредна седница, да покаже дали навистина се работи за наредба и од кои причини е издадена таа наредба, или ако не се работи за издадена наредба, тогаш во кое својство високи претставници присуствуваа вчера на таа, би рекол приватна прослава. Благодарам.

**ИЉАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на г-динот пратеник Љатив Пајкоски.

Имаме претставник на Владата, потпретседателот на Владата и министер за труд и социјална политика г-динот Бедредин Ибраими, дали се согласувате за наредната седница да се достави таква информација.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Не, не се согласуваме со оглед на тоа што прашањето непосредно е упатено до Министерството за образование. Ако тој ја прашува Владата тогаш јас можам да се произнесам по прашањата, но тој непосредно вели Министерството за образование да се изјасни. Но, како и да е сметам за потребно во има на Владата да се произнесам.

Не сакам да навлегувам во квалификациите на г-динот пратеник Пајкоски во однос на само наречен директор, приватни манифестации и др.

Поставеното прашање го сметам како пратеничко прашање и ќе добие писмен одговор од Министерството за образование во врска со поставеното прашање и дадените квалификации по ова прашање.

Значи не прифаќаме Владата да изготви информација и по таа информација да се расправа во Парламентот, особено кога на една манифестација е симната од дневен ред една стихотворба, што мислам дека е не умесно и не озбилно во Парламент да се разговара за такви ситни работи.

**ИЉАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на потпретседателот на Владата г-динот Бедредин Ибраими.

Молам дали е задоволен г-динот пратеник Љатиф Пајкоски.

**ЉАТИФ ПАЈКОСКИ:**

Г-дине потпретседателе ја побарав информацијата од Министерството за образование и ако потпретседателот не е во можност да прифати таква информација тогаш барам Собранието да се произнесе, дали прифаќа да се задолжи Министерството да подготви таква информација.

Всушност, проблемот навидум е едноставен, а не е така.

Се работи за многу важни заткулисни работи, така да прашањето што една стихотворба е симната не се работи дали е симната една стихотворба, таа стихотворба симболично многу значи за тоа населени. Преку симнувањето на таа стихотворба всушност во континуитет се продолжува со однародување на ова население. Суштината на моето барање е дали Министерството за образование навистина има издадено таква наредба или нема. Тоа е прашањето.

**ИЉАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам. Ние овде немаме претставник на Министерството за образование и затоа ова ваше пратеничко прашање ќе го упатиме до Министерството и сигурно Министерството ќе ви одговори.

За збор се јави г-динот пратеник Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван министер, почитуван г-дине потпретседателе, почитувани г-да пратеници, јас пред пет - шест седници поставив прашање и барав од Владата на РМ, всушност барав Собранието на РМ да расправа за косовските роми кои се наоѓаат во РМ на времен престој. На таа седница беше присутен и министерот за труд и социјална политика и потпретседател на Владата и тој лично прифати дека ќе ми даде писмена информација за косовските роми.

Јас лично ја добив информацијата и не сум задоволен од информацијата, затоа што се презема истиот став за ромите, како што беше порано, само се потврдува од Владата косовските роми, кои се наоѓаат моментално сместени по камповите Струга. Претор и други места дека ќе продолжи градењето во Шуто Оризари. Значи си останува ставот на Владата, според информацијата што ја имам од Владата во општината Шуто Оризари и населбата Шуто Оризари да се постават шатори. Јас мислам дека тоа не одговара ни еколошки.

На минатата седница ние го донесовме Законот за екологија и мислам дека не е еколошки тие да дојдат таму и да бидат пот шатори, тоа 50-60 илјади роми, затоа што таму има и други граѓани и други населби. Бутел, Чаир, Чучер Сандево, Визбегово, тоа се преку 100.000 граѓани во круг и мислам дека еколошки не одговара, бидејќи сега е летна сезона. Ние сега во коли седиме па имаме еркондишни, излегуваме надвор во Парламентот, не може, немаме никакви услови према времето во кое се наоѓаме. Значи тоа ќе овозможи еколошки пропаст за граѓаните на таа територија.

Исто така никако не се согласувам за општината Шуто Оризари и во таа околина да се постават шатори...

**ИЉАЗ ХАЛИМИ:**

Што предлагате конкретно.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Предлагам конкретно, бидејќи ова е трето мое барање во Собранието да расправа Парламентот, да донесена одлука што ќе правиме со косовските роми, кои се наоѓаат по кампови и кои треба да дојдат во Шуто Оризари.

Јас предлагам пратениците во Собранието да се стави на дневен ред точка за косовските роми, кои треба да ги сместат во општината Шуто Оризари.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Го слушнавме барањето на господинот пратеник Амди Бајрам.

И ова барање го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Се извинувам, деловнички господинот пратеник Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Потпретседателе, вие требаше да укажете, бидејќи по ова прашање се водеше расправа и на претходната седница, дури и поединечно гласавме. Вие на пратениците им објаснивте дека на наредната седница, тоа е оваа седница, Информацијата која е изготвена од Владата и доставена до пратениците ќе биде ставена на дневен ред. Тогаш, јас ви укажував, а вие ја презедовте таа обврска, па ве прашувам, зошто не е поставена на дневен ред и не би требало пак да одлучуваме. Согласно Деловникот, исполнети се сите услови да ја поставите на дневен ред. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Ви благодарам и вам.

Информацијата е доставена до сите пратеници, Владата не предлага да расправаме на оваа седница или на некоја друга седница.

Затоа, барањето на пратеникот Амди Бајрам беше конкретно, Собранието да се произнесе дали таа информација да се внесе во дневниот ред и по неа да се произнесе Собранието.

Затоа, го ставам на гласање и ве молам да гласаме.

Се извинувам, затоа што овде мониторот покажува дека сте втори по ред и дека сте се јавиле за дискусија.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине потпретседателе, вие самите пред овој Парламент кажавте и го почитувавте Деловникот.

Секое прашање доставено и од пратениците, Вие сте должни да го поставите на дневен ред, а пратениците доколку сакаат да се симне од дневен ред, треба тоа да го постават. Овде доаѓаме до она прашање за кое зборуваше и нашиот координатор Никола Поповски. Вие им оневозможувате на пратениците, во случајов и од позицијата да не можат да стават прашања кои се од јавен интерес, од интерес на граѓаните на Република Македонија, на дневен ред. Овде се работи, владиното мнозинство се изјасни на претходната седница. Ние на секоја седница би требало наново и наново да зборуваме за да дојдеме до тоа. Во основа не се почитува Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија и вашето укажување пред овој Парламент. Ја гледам нервозата за да гласаме. Не се работи за гласање и надгласување. Вие зедовте обврска, Информацијата беше изработена, заклучок имаше на таа седница и потпретседателот на Владата ја презеде обврската да ја изработи Информацијата, да се постави на дневен ред и сега ќе дојдеме пак до надгласување, до основниот проблем, во кој овој Парламент нема да работи согласно Деловникот и нема да ги решава прашањата што се од интерес на граѓаните и кои пратениците ги имаат како претставници на граѓаните и да ги истакнуваат овдека.

Сметам дека вие треба да го објасните пред Парламентот, зошто не е поставено на првата наредна седница, што вие така заклучивте. Не се работи за надгласување. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Јас пред малку објаснив дека ние немаме предлог од Владата да се расправа на седницата.

Ние имаме конкретен предлог од пратеникот Амди Бајрам и јас мислам дека пратениците немаат потреба од изјаснување околу неговиот предлог, но ако мислите дека треба да се произнесат пратениците за предлогот што е од господинот Амди Бајрам, тогаш јас се извинувам и отворам расправа по поднесениот предлог на господинот Амди Бајрам.

По тоа Владата се изјасни писмено.

За збор се јави потпретседателот на Владата, господинот Бедредин Ибраими.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Ние информација подготвивме.

Цениме дека нема потреба за прашања кои што се во надлежност на Владата да се расправа во Парламентот. Бегалците роми и други се реалност на Република Македонија. За нивниот престој, должината на нивниот престој, сместувањето е во надлежност на Владата на Република Македонија. Јас мислам дека се прават доста големи напори, Министерството за труд, Министерството за урбанизам, Комесаријатот за бегалци во добра соработка со градоначалникот на Општина Шуто Оризари, а јас би го советувал господинот Амди Бајрам да биде кооперативен и да не си тера свои лични инаети околу еден проблем, кој навистина тежи. Тежи на Република Македонија и на сите граѓани, тоа прашање да го решиме на најдобар можен начин. Ние е точно дека во општина Шуто Оризари ќе се постават шатори. Ако се сеќава господинот Амди Бајрам кога прв пат го постави ова прашање, тој рече ставете бараки ќе прифатиме. Ние работиме на проект да се постават бараки. Сега, незнам што бара господинот Амди Бајрам. Дајте. господинот

Амди Бајрам нека биде кооперативен, нека се вклучи во овој проект и да овозможи, односно во соработка со локалните власти од Општина Шуто Оризари и во соработка со другите министерства и Високиот комесаријат за бегалци, да се претстави целата таа инфраструктура во која може и понатаму и граѓаните од Шуто Оризари ќе имаат корист. Мислам дека оние прашања кои што се во исклучива надлежност на Владата на Република Македонија, не треба да се расправа во Собранието и да се донесат одлуки, кои можеби утре ќе бидат не спроведливи. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Го слушнавме потпретседателот на Владата.

Процедурално за збор се јави господинот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван потпретседателе, почитуван заменик премиер и господине министер, почитувани пратеници јас ако треба сто пати ќе поставам прашање, за тоа сум пратеник во Република Македонија, единствен пратеник од ромската националност. Сто пати и уште еднаш и нека биде сто и еден пат ако треба.

Нормално, ќе си го барам правото и заштитата на тие од кои сум легитимен претставник во Република Македонија. Без разлика, излагањето на министерот за труд и социјала, ја сум добил владина информација, а сите знаете дека јас барав на дневен ред, господинот Саво Климовски ја водеше седницата и истиот ден беше и министерот за труд и социјала овдека. Барав на седница да се прошири дневниот ред со оваа точка. Таа точка не се прифати и зема обврска претседателот на Собрание на Република Македонија Саво Климовски да не се дискутира во Парламентот моментално, додека не ја добиеме информацијата од Владата. Исто, министерот за труд и социјала кажа дека ќе достави информација за бегалците косовски роми, кои се наоѓаат во Република Македонија за привремен престој овдека во Македонија. Ја добив информацијата од Владата и од министерот, нормално тоа е информација од Владата со став на министерот, тој е министер за труд и социјала, овдека во информацијата апсолутно не пишува за моето барање. Јас, барајќи го тоа, тука пишува ставот на ромите се продолжува 3 месеци времен престој во Република Македонија до јуни месец. Значи, им завршува мандатот кога се наоѓаат во Република Македонија. Но, на Владата се има донесено одлука во мај 34-ти има донесено одлука, која останува на ставот дека во општина Шуто Оризари ромите, косовски роми кои се дојдени овде и се наоѓаат на времен престој во Република Македонија, а не како бегалци, тоа е времен престој. За 14 месеци не е времен престој, туку за после една година тоа се третираат како бегалци. Статутот треба да биде така. Значи и тука го прекршуваме Законот, не се сфати така тоа и во интерес на Република Македонија, јас моето соопштение го имам, го дадов и сите го прочитавте, стојам за колку тие треба, се извинувам, нормално што сум револтиран, затоа што ова е петта седница кога го поставувам ова прашање и ова да го решаваме ние пратениците. Зошто, затоа што во Република Македонија дојдени се на територија на Република Македонија, овдека Владата одговара и минатиот пат кажа министерот со неговото излагање дека Република Македонија нема средства да дотира за таквите работи.

Штом е така, не може да се изгради населба, не може да се направи еколошки. Ние гласавме за Законот за екологија и го поддржавме Законот за екологија, токму околу ова и јас земав дискусија за тоа. Со тоа, значи, еколошки ако се постават според информацијата и одговорот, доколку нема добиено сите пратеници, предлагам да се умножи и да им се даде информацијата на сите да ја прочитате, дека не се никакви бараки, туку се шатори во општина Шуто Оризари треба да се постават и да ги напуштат тие летни летувалишта.

Се сложувам со тоа дека сега доаѓа летен период и дека тие одморалишта треба да се ослободат, треба да летуваат наши деца, тоа е точно, но каде ќе ги носиме. Во Шуто Оризари под шатори, не се сложувам со тоа. Се спротивставувам со тоа. Извинете што сум долг во моето излагање, но нормално еднаш треба да го решиме овој проблем.

Значи, јас во Шуто Оризари како единствен пратеник, градоначалник имаме на локална самоуправа, изборна единица 85, јас сум пратеник на таа изборна единица, каде под мене таму има четири општини. Значи, градоначалникот не може да биде поголем од пратеникот на општината. Тоа е јасно и гласно. Јас сум пратеник на Република Македонија и ги претставувам ромите на Република Македонија. Ако јас овде не можам да го отворам ова прашање, кој е тој градоначалник од една локална самоуправа и тој да решава на ваков систем. Се извинувам ако сум досаден, но ова е многу

сериозна работа. Земете го ова за многу сериозно, затоа што немојте да ни се случи од утре 20 илјади роми да се соберат пред Собрание и пред Владата на Република Македонија.

Апелирам за последно да знаете дека, комплетно ќе се собереме и да видиме дали ќе се постават шатори или бараки. Значи, излагањето на министерот и на потпремиерот беше дека Владата информацијата до мене не ја достави, дека ќе се градат бараки, туку дека ќе се постават шатори. Еколошки го загадуваме Скопје, ќе добиеме епидемија. Не знам дали тоа ви е јасно или не. Тоа не го дозволувам и не се сложувам со информацијата. Предлагам пред вас сите пратеници, оваа точка да ја прошириме и да дискутираме малку повеќе по неа, затоа што јас сум пратеник и си го барам правото во Парламентот да дискутираме околу ова прашање. Ако мислите дека не е потребно, јас ќе се повлечам, но ова е во интерес на Република Македонија, за да можат тие роми ако нема сместување, Високиот комесаријат за бегалци ако нема финансиски средства, ако можело за 300 илјади граѓани да ги врати на Косово, може и ромите да ги врати и таму нека им обезбеди сместување. Не треба да бидат на товар на Република Македонија. Да им се прекине тој времен престој, дали е тоа овозможено и гледам дека не е овозможено. Како можеше за другите граѓани, може и за овие роми да се обезбеди престој. Нормално, таму има КВОР и Комесаријатот за бегалци, а Македонија нека ги нема на нејзин товар. Македонскиот народ и ние овде сите пратеници да се залагаме за Македонскиот народ, јас да се залагам за ромите од Република Македонија, тие средства што ќе отидат на таа страна, ќе може и за овие роми од Република Македонија. Јас не правам никаков маркетинг и тоа нема никаква врска со ова. Нормално, ги барам овие права.

На 16, сакам да ви кажам, во Република Македонија од целиот свет се собираме сите роми, овдека ќе ги примам јас и ќе ги поддржиме косовските роми секаде каде што се наоѓаат. Не да се случи онаа ситуација како евреите што погинаа и никаква трага од нив, а тогаш за тоа немаше ни збор. Нормално, јас сум пратеник и го покренувам ова прашање на 16 во Македонија, ќе ги видите сите роми од целиот свет и ќе дискутираме за косовските роми.

Затоа, господа пратеници, го барам вашиот став, за да знам пред Европа и пред светот што да кажам за тие роми. Благодарам многу, ако сакате прифатете да се дискутира, ако сакате не мора да се прошири точката и од сега нема ништо понатаму. Но, само очекувајте, доколку во Шуто Оризари се почне, а јас сум претседател на партија, јас сум пратеник и претставник на ромите во Република Македонија во овој законодавен дом. Единствен ром, друг ром не постои кој се декларира од ромска партија.

Значи, со тоа сакам да ви кажам очекувајте од 20 до 50 илјади роми пред Собрание и пред Владата, демонстративно ви одговарам дека толку сум моќен, дека сите роми ќе ги повикам на демонстрации. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Ти благодарам.

Повторно има некое објаснување од потпретседателот на Владата, господинот Бедредин Ибраими.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Почитувани пратеници јас не би сакал да полемизирам со господинот Амди Бајрам. Тој очигледно многу работи не му се јасни што е градоначалник, а што е пратеник, што е надлежност на локална самоуправа, што е со компетенциите на еден пратеник. Тоа нормално, можеби ќе има време да го научи. Информацијата е изготвена и е таква.

Меѓу време зборувам за проект кој е во тек и да се реализира. Имаме одлична соработка со локалните власти и со населението. Јас не сакам да го негирам правото на овој Парламент, таа информација да се стави, да се гласа и ќе се види дали ќе расправа Парламентот по информацијата или не.

Повторно му апелирам на господинот Амди Бајрам дека протестите станаа веќе вообичаени во Република Македонија и не знам до каде ќе не водат, но сметам дека треба да се има малку трпение, да се овозможи секој да си ја врши својата работа.

Уште еднаш би предложил да не се вжештува атмосферата без потреба, да создадеме добра клима меѓу населението во општина Шуто Оризари, а имаме одлична соработка со градоначалникот на општината, работиме заедно за да го решиме овој проблем. Сега, ако веќе зборуваме за права, јас не знам чии права ги штити господинот Амди Бајрам, дали на ромите од Македонија, а претходно кажа дека ги штити и интересите на ромите од Косово. Сега, испаѓа дека воопшто не ги

интересираат ромите од Косово, туку исклучиво се интересира што ќе настане ако таму се постави тој камп, дел бараки, главно ќе има цела комплетна инфраструктура. За ваша информација и за информација на јавноста, се работи на проект исто така за репатријација на ромите во Косово. Но, ромите од Косово не може со сила да ги вратиме назад. Ромите од Косово треба сами да се убедат дека во Косово се создадени сите услови безбедносни за нив, за да можат да се вратат. Веќе одредени претставници на роми бегалци кои престојуваат во Македонија биле во Косово, ги испитуваа условите, се работи на тоа што побргу ромите да се вратат на Косово. Но, додека не се создаде таа клима кај ромите бегалци тука, мораме да најдеме сместување. Сега бараме да ги ослободиме детските одморалишта, да ги адаптираме, да ги реновираме и да овозможиме деца на наши граѓани да го поминат летниот распуст во овие одморалишта.

Затоа, подобро е со ладна глава господинот Амди Бајрам да се врати таму и да го почитува градоначалникот и локалната власт, да координира со нив и со другите министерства заеднички да го решиме проблемот. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на потпретседателот на Владата Бедредин Ибраими.

Процедурално се јави господинот пратеник Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван потпремиер, почитуван министер, јас многу ве почитувам и голем респект имам према вас. Јас како пратеник имам мое лично видување и вие како министер и потпремиер, моето гледање према вас е многу високо и во добра состојба. Јас немам ништо против вас, но сфатете ме дека моите ингеренции и ингеренциите на градоначалникот се како еден шофер и еден директор на фирма.

Во овој законодавен дом јас токму со вас можам да разговарам како потпремиер и како министер за труд и социјална политика и ние можеме да ги решаваме проблемите. Заедно, со тој од локалната самоуправа со мое присуство, а без мое присуство мислам дека и без сите пратеници, ова е апел до сите пратеници друг пат, без разлика кој е министер, ова го зборувам и за власта, јас сум со власта, јас не сум во опозиција, јавно го кажувам, јас сум со Демократска алтернатива, со ВМРО, со ДПА, сум со власта. Но, без разлика сакам да кажам ова значи ние пратениците дали сме шофери, дали сме пратеници во Собранието, дали министрите и Владата треба да соработуваат со нас или со локалната самоуправа.

Господа пратеници, колеги, колешки знаете сите во Парламентот дека локалната управа треба да соработува со пратеникот. Се знае пратеникот кој фактор е, тој е републички пратеник, а не локален. Размислете сите пратеници што значи ова денеска можам јас да бидам негиран, а утре многу од вас. Проблемот треба да го решаваме заеднички пратеник, министер, градоначалник, советник на општина.

Не би сакал да одолговлекувам, го респектирам министерот, овде во Информацијата не пишува никакви бараки. Со градоначалникот како соработува не ме интересира, ме интересира како единствен пратеник во Собранието на Република Македонија, јасно и гласно знаете за ромите од доаѓањето како бегалци се ангажирав околу нив, земете ги стенографските белешки да видите дека половина од мандатот го поминав со таа тема. Не сакам никаков маркетинг, ова не е маркетинг, не сакам да ви создаваат проблеми на нас ромите во Република Македонија и на сите граѓани. Зошто да не одлучиме да се вратат од каде што се дојдени. Тоа сакам да расправате господа пратеници. Не треба никаде апсолутно да ги сместуваме, без разлика јас уште еднаш укажувам дека го почитувам министерот, моето барање е поставено како пратеник, барам информација од Владата, не знам дали доставила до градоначалникот, тоа е по барање на пратеникот во Собранието Амди Бајрам. Од вас господа пратеници барам денеска на дневен ред да се прошири дневниот ред со оваа точка, доколку може, а мислам дека потпретседателот на минатата седница кажа дека може да се прошири дневниот ред со таа точка за денеска и дека ќе се расправа, па ако може, може ако не како сакате правете, воглавно градоначалникот не може да одлучува за оваа општина. Таму има пратеник. Јас не сум пратеник само на Шутка, јас сум на 4-5 општини и имам реакции и од македонските граѓани и од албанските граѓани за да не се поставаат шатори.

Молам до Владата и до Парламентот да нема шатори, до 30.06.2000 год. им е рокот, да си останат до таа дата таму каде што се или порано Комесаријатот за бегалци и КФОР нека си го решат проблемот од граница натаму, а дали ги сакам или не, јас живеам во Република Македонија. Колку можам заштитив, не сакам да бидам против

државата, првенствено ја бранам мојата држава каде живеам и ги барам правата на ромите во Република Македонија, овие се дојдени така, па морав, немаше кој друг, јас бев тој, за жал, е сега барам да се вратат, а да не бидат товар на Македонија. Нека си одат од каде што се дојдени. Благодарам господа пратеници.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Ви благодарам и вам, почитувани пратеници ставот на Владата околу ова прашање е јасен, а тоа произлегува и од информацијата што е подготвена, па и од ова што усно потпретседателот го кажа.

Предлогот на господинот пратеник Амди Бајрам, исто така е јасен, тој сака да се прошири дневниот ред со уште една точка, значи Собранието на расправа по оваа информација, ова барање на господинот пратеник Амди Бајрам го ставам на гласање.

Ги молам пратениците кои се надвор да влезат за да можеме да гласаме.

Уште еднаш процедурално господинот пратеник Амбди Бајрам побара збор.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Господине потпретседателе, Вие сте високо почитуван од моја страна, бидејќи минатиот пат гласавме за две работи, потсетете се, можеби не се сеќавате ова е друга седница, гласавме дали да биде на таа седница на дневен ред или на оваа.

Ние гласавме да не биде на таа седница, туку на оваа.

Ако е така еве пратениците нека потврдат без разлика каква одлука ќе донесете, тоа е тоа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Господинот пратеник Јордан Бошков сака процедурално.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Со доза на жалење се пријавив процедурално околу оваа ситуација. Уште еднаш гледаме дека е подобро предлозите за дневен ред сепак да бидат поставени на дневен ред. Темата веројатно и за покус период ќе ја одработевме како регуларна точка на дневниот ред. Но, сакам да ви укажам господине потпретседател дека достоинството на Собранието, најпрвин вие како раководител со седницата морате да го запазите, но исто така и сите други учесници. Најостро протестирам за стилот, начинот, должината, барањата и некакви импликации што излегуваат од настапот на нашиот ценет колега Амди Бајрам.

На Ромите во Македонија, а и во светот неговите излагања нема да им се на корист. Јас со големо нетрпение го чекам тој ден кога ќе се соберат тука, па да видам дали тие нему ќе му дадат мандат. Не е пријатно и не е убаво седниците на овој начин да бидат узурпирани.

Уште една моја забелешка ако Владата е крепена, поткрепувана од вакви пратеници, јас ќе морам да размислам што тогаш. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Реплика господинот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Многу го респектирам мојот колега пратеник, јас мислам дека можеби погрешно ме сфатил, јас не ја злоупотребив Република Македонија, туку точно во интерес на Република Македонија не се согласувам апсолутно да ни бидат товар во таа општина, во тие пет општини. Кажав ако во Шуто Оризари и овде се поставаат шатори, ние не се согласуваме со тоа, затоа што еколошки ќе ја загадат средината. Нека бидат во Стенковец, каде беа сместени, еве јас се согласувам, немам ништо против еве и Парламентот нека гласа за тоа ставете ги пак во Стенковец, но не во населено место каде живеат 100.000 и повеќе граѓани. Тоа е целта. Инаку јас од светот што ќе дојдат сите роми, јас сум единствен пратеник во светот и во Европа друг ром не постои, туку Бајрам Амди е тој и треба на Република Македонија да и биде чест што еден ром во една демократска држава се кандидира и за претседател на држава, да се кандидира и за градоначалник на град Скопје, втор мандат ми е овде во Парламентот, тоа укажува дека Македонија е демократска држава и дека ние ромите ги поседуваме сите права во Република Македонија. Ние ќе се спротивставиме за да не бидат тука, за да си одат. Јас не сум против ова, моите барања ќе ги поддржам, само околу тоа.

Благодарам, мислам дека погрешно ме сфати мојот колега пратеник.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

И јас ви благодарам.

Почитувани пратеници го ставам на гласање, Предлогот на господинот пратеник Амди Бајрам.

Ве молам да гласаме.

(Од присутни 61 пратеник 24 гласаа за, 29 против и 6 воздржани, значи вкупно гласаа 59 пратеници).

Ќе ги молам пратеници уште еднаш да гласаат, затоа што мониторот покажува присутни на седницата се 61 пратеник.

Ќе го молам уште еднаш да го повториме гласањето.

Ве молам вклучете го системот за гласање.

Ве молам да гласаме.

На мониторот стои дека 64 пратеници се присутни во салата, обврска е на секој пратеник да гласа дали против дали воздржан или за, па затоа јас мислам дека овој предлог не е усвоен.

(Од вкупно 64 присутни гласаа 22 за, 27 против, 8 воздржани, вкупно 57 пратеници).

(Реакција на пратеникот Амди Бајрам од место без вклучен микрофон).

Тука се присутни, а не гласаат, тоа не му доликува на тој пратеник кој така се однесува.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Барам поддршка од 10 пратеници.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Повелете, кој го поддржува господинот Амди Бајрам поединечно да се гласа. (8 пратеника).

**АМДИ БАЈРАМ:**

(Без вклучен микрофон).

Господине потпретседателе ако немам поддршка им благодарам, но по Деловникот на Република Македонија кој е во собраниска процедура на расправа, видете го мониторот што пишува, гласале вкупно 57, што е не законски гласано.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Ве молам дајте уште еднаш да го повториме гласањето.

Ве молам да гласаме.

Гласаа 65 пратеници од кои 21 за, 11 воздржани и 33 против.

Констатирам дека Предлогот на господинот Амди Бајрам не е усвоен за да се стави на дневен ред на оваа седница.

Дали некој друг бара збор.

Процедурално господинот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Господине потпретседателе по гласањето сега барам, бидејќи се сомневам во гласањето, поддршка од 10 пратеника.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Ако имаш 10 пратеници ќе одиме на поединечно гласање.

Кој го поддржува господинот Амди Бајрам поединечно да гласаме?

(6 пратеника).

Немате поддршка. Нема дискусија.

Дали некој друг бара збор.

Има збор господинот пратеник Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Почитувани колеги, изгледа при секоја нова седница патиме од истата болест, имено тоа е, затоа што не се одржуваат редовни седници за пратенички прашања и јас предлагам, а немам информација дали е закажано продолжение на таа седница која се однесуваше на пратеничките прашања, ако е закажана тогаш во ред, ако не што побрзо да се закаже таа седница. Тоа е прво.

Второ, предлагам да се дистрибуира изворниот документ на Светската банка, бидејќи се работи за важна дискусија од која зависат финансиските интереси на државата, каде се кажува или не се кажува дека Владата нема капацитет да ги спроведува реформите, нема професионална структура да ги решава проблемите, приватизацијата е надвор од јавноста, бидејќи има различни толкувања, а се работи за многу важен став со кој би требало да биде информирано и Собранието на Република Македонија до крајот на ова продолжение јас мислам дека не е тешко да се дистрибуира изворниот документ англиската верзија, па и преводот за да можеме да видиме дали во контекст се кажува нешто и дали децидно и таксативно се кажува што е многу не поволно за интересите на државата во целост. Изгледа за неколку дена можеби ќе имаме точка на дневен ред доверба или недоверба на владата, можеби тоа ќе придонесе за една посвежа слика за функционирањето на Владата. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Мерсел Биљали.

Почитувани пратеници, сега треба да го утврдиме дневниот ред. Секој од пратениците има право да предложи дополнување или изменување на дневниот ред.

Што се однесува до пратеничките прашања мислам дека ние ќе имаме посебна седница на која пратениците ќе можат да поставуваат пратенички прашања. Во

интерес на времето ќе ве замолам пратеници кои се веќе пријавени овде да го имаат предвид ова за да можеме успешно да работиме како собрание.

Сега процедурално се јави господинот пратеник Ѓорѓи Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа.

Почитуваниот пратеник Мерсел Биљали апсолутно не изнесе овде предлог точка за дневен ред. Ја злоупотреби говорницата за да каже една ноторна невистина.

Прво, треба да сфати и да знае дека во историјата на македонскиот парламентаризам од 1990 година до денеска прв пат вообичаена практика беше да се поставуваат пратенички прашања и тоа директно на премиерот на Владата. Тоа треба високо да се респектира како демократски чин во оваа држава Република Македонија и во самото Собрание. А не, да изнесува невистина и лага дека пратенички прашања не беа поставувани. Јас сакам дури да се извади и стенограмот од водењето на седницата и да се види кога ја продолживме таа седница за пратенички прашања, кога ние дадовме предност опозицијата да поставува прашања, тие не присуствуваат и беше прекината таа седница. Со вакви лаги мислам дека треба да се престане. Ако се има малку достоинство треба точно да се знаат работите. Овде водиме стенограм во Собранието, се се снима и може точно да се види која предност и беше дадена на опозицијата што ова денеска Биљали го злоупотребува.

Прв пат во Македонија премиерот одговараше и на продолжението опозицијата не присуствуваше, седницата беше прекината. Ние лично се согласивме како позиција да дадеме предност на опозицијата еве имаат глад, потреба од пратенички прашања и нека се поставуваат.

Ова сакав да интервенирам и друг пат мислам дека нема потреба да се случуваат вакви работи при утврдување на дневен ред да се каже нешто што е надвор од Деловникот за работа на Собранието.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Ѓорѓи Котевски.

За реплика се јави г. пратеник Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Навистина не е сериозно ова што го кажувам, адвокат на Собранието или само наречениот адвокат. Важно е ако тој кажува дека се работи за ноторна лага. Ако е ноторна лага во последниве две години Собранието одржа само една седница за пратенички прашања.

Второ, барам документот да се дистрибуира до пратениците. И уште повеќе, за да имаат тие за право кој е ставот или кои се оценките на таа важна меѓународна финансиска институција. И уште повеќе јас мислам дека тоа е само техничко прашање и вашите служби тоа ќе го сторат во текот на денешниот ден.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на г. Мерсел Биљали.

Сега одиме во врска со ова техничко прашање како што тој го нарече.

За збор се јави потпретседателот на Владата Бедредин Ибраими.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Ако г. пратеник очекува дека јас како член на Владата на Република Македонија ќе се согласам со неговите квалификации околу стручноста, спремноста, компетентноста на оваа Влада во овој состав, се лаже. Стручноста и компетентноста не се мери само со правна реторика и изнесување на невистини пред граѓаните на Република Македонија. Граѓаните на Република Македонија се сведоци на сите чекори кои досега ги презела Владата на Република Македонија во однос на реформите во оваа земја. Тие беа сведоци на големите отпори и реакции од страна на опозицијата во врска со сите предлози за изменување и дополнување на одредени закони, кои токму се врзани со реформите во Република Македонија.

Во однос на конкретното барање на г. пратеник во Република Македонија, Владата работи транспарентно и јавно. Со сите документи со кои располагаат тие се достапни и на новинарите, тие се достапни и на пратениците и на сите органи во државата. Таков документ лично ќе му доставиме нему да се увери во тоа дали има таква квалификација од Светската банка или не. Напротив оценките се многу поволни во однос на одлучноста на оваа Влада, реформите во оваа земја да ги истера до крај. И преку тоа што пред граѓаните се претставува една лажна слика дека тие реформи одат на штета на граѓаните.

Ние сме свесни дека одредена цена треба да се плати и свесни сме дека таа цена ќе ја платиме сега и по цена да се одрази негативно на наредните избори за позицијата. Но, дали тоа ќе биде така, ќе треба да чекаме да дојдат тие локални избори, а понатаму и парламентарните избори. Со ова граѓаните на Република Македонија ќе сфатат, дека сето ова се прави во нивен интерес и во интерес на државата.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на потпретседателот на Владата за одговорот околу ова прашање, поставеното прашање.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Јас воопшто не барав нешто од Влада, туку од нашите служби, заправо имаме право како пратеници да се информираме за сите состојби па и за ова прашање. И не случајно реков, има различни искажувања од претставници на Владата, или од медиуми кои ги студираат некои документи од таму, таа институција. За да се дознае вистината ништо нема по нормално од тоа да се бара да се дознае вистината изворно, ништо повеќе. И тоа е нормално. Јас доставив барање, поставив прашање во однос на можноста нашите служби во текот на денешниот ден да се подели изворно документ и ништо повеќе.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Господине потпретседателе, мислам како пратеници ние во ова Собрание треба да се бориме и да докажуваме дека сме премногу искрени за работите да одат така како што треба. Во суштина овде Биљали што го потенцира, ние на секоја седница имаме паралелно покрај утврдувањето на дневниот ред и пратенички прашања и постојано Владата се задолжува со пратенички прашања и одговори на тие пратенички прашања. Јас не знам зошто г. Биљали ме нарекува: "таканаречен".

Јас сум тој Ѓорѓи Котевски, не таканаречен. Не сум апсолутно загрижен од таквите изрази. Меѓутоа треба да сфатиме еднаш дека, ние самите треба да го пазиме угледот на ова Собрание, редот и начинот на кој треба да работи. И самиот Деловник таков каков што е треба да си го спазуваме. Тоа е основно правило на работа. Јас друго правило не знам, така работам и така се однесувам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Ѓорѓи Котевски.

Бидејќи нема други пријавени за дополнување и изменување на дневниот ред, предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 66 пратеници, 64 за, 2 воздржани и против нема.

Минуваме на точката 1 - Предлог на Закон за вработување на инвалиди.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор.

За збор се јави г. пратеник Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине потпретседателе, почитуван министер, Законот за вработување на инвалиди треба да се поддржи, од причини што нуди примамливи решенија за вработување на инвалидите и создавање на посебни услови за вработување и од аспект што би сакал да истакнам дека, во овој закон е спазена онаа процедура во кој во голем дел претставниците на опозицијата инсистираат, а за која малку зборуваше и министерот за труд и социјална политика и потпретседател на Владата, дека опозицијата е против реформите во Република Македонија.

Опозицијата е против реформите во кои не се донесуваат во процедура предвидена со Деловникот, кои се донесуваат набрзина и не ги пратат транспарентноста и решенијата, кои се содржат во одредени проекти. Ова е еден типичен Закон за вработување на инвалиди, кој Парламентарното Собрание го усвои на својата Дваесет и седма седница одржана на 27.01.2000 година. Притоа Парламентот утврди дека има потреба од донесување на овој закон и истакна голем број на забелешки. Би сакал да истакнам дека во расправата по истакнатите забелешки од работните тела од овој Парламент, Владата и сите други заинтересирани субјекти, пред се тука се заедниците на инвалидските организации, Заедниците на претпријатијата за вработување на инвалиди, потоа Националното координативно тело за правата на лицата со хендикеп и голем број на здруженија од инвалиди, како што е добредојден за лицата со психози во развојот и слично е поддржан.

Исто така, би сакал да истакнам дека во таа расправа и во тој период е поддржан и од работните тела во Собранието и доби целосна поддршка и сигурно за овој дел би требало и понатаму да се работи во една нормална процедура, во процедура во која сите заинтересирани субјекти би го дале својот придонес и би изработиле еден добар закон. Овој закон треба да се поддржи, врз основа на решенијата кои ги нуди за овие инвалидизирани лица, или лица со хендикеп. Во основа законот нуди решенија во кои инвалидните лица кога сами отвораат свој бизнис, или сами се работодавци, кога се вработуваат кај работодавците, или во трговските друштва му овозможува посебни услови за вработување, даночни олеснувања и друг вид олеснувања во однос на финансирање и развој. Треба да истакнеме во тој дел дека инвалидизираните лица ќе бидат ослободени од персоналниот данок на доход, доколку се вработуваат кај работодавци, доколку сами отвораат бизнис, тие од Буџетот на Република Македонија ќе им ги плаќаат пензиските придонеси, придонесите за здравство и придонесот за вработување.

Господинот Ѓорѓи Котевски стално инсистира да се почитуваат пратениците за дигнитетот на ова Собрание, а повеќе од мене е гласен.

Исто така, се нудат решенија особено важно и битно и при создавањето на новите заштитни работилници, кои можат да ги основаат лица со над 5 вработени, со 40% инвалидизирани лица и тука во тој дел се нудат голем дел на повластувања за заштитните организации, затоа што се ослободени од данокот на добивка и на другиот дел на вработени ослободување од персоналниот данок на доход и од плаќање на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување.

Особено би сакал да истакнам и од делот од кој сум задолжен од овие здруженија на инвалидизирани лица, при расправата во Комисијата за труд и социјална политика и како известител, тоа е што сега се прави еден напор од страна на предлагачот и е поддржан, тоа е формирањето на посебниот фонд за стимулирање на инвалидизираните лица, кој посебен фонд ќе биде во надлежност на Републичкиот завод за вработување и ќе е составен од 15% од вкупните средства за вработување и од царините и данокот на додадена вредност, кои ќе бидат уплаќани.

Мислам дека ваквиот начин на нормативно регулирање, овозможува оптимални услови за вработување на овие лица. Но, во тој дел сакам да истакнам дека доколку овој закон остане само нормативно, не се обиде од страна на Владата на Република Македонија, за тоа има и посебен работен заклучок, вие сигурно го имате во сценариeто, кој ќе му го предложите на овој Парламент, да се изработи посебна стратегија за презентирање на решенијата од овој закон. Сите оние кои се заинтересирани да создаваат профит и притоа да вработуваат инвалидизирани лица, да бидат запознати, да можат да формираат заштитни друштва, да можат да отвораат работодавците да ги вработуваат инвалидизираните лица, или лицата со хендикеп. Во тој дел особено е важна улогата на овие здруженија на инвалидизираните лица, кои сигурно можат да дадат еден огромен придонес во презентирање на овој закон за спроведување на овој закон и решенијата кои се предвидени во овој закон.

Во овој закон е предвидено решение во делот на заедницата на заштитните организации, досегашната заедница на претпријатија за инвалидизирани лица да вршат дури и контрола на прибирањето и на трошењето на средствата од посебниот фонд. Бидејќи одлуките за доделување на кредити, или помош врз основа на инвестиционите програми за остварување на вработување на инвалидизираните лица, ќе ги носи Управниот одбор на Фондот за вработување, но контролата е добро решението што можат да го вршат заштитните организации, односно здруженијата на инвалиди здружени во здружението на заштитни организации. Кога сме тука, за да ја остваруваат својата функцијата здруженијата на инвалидизираните лица, имаат еден голем недостаток, кој недостаток би сакал да го истакнам, иако не е во директен однос со овој закон, но за реализација на овој закон. Почнувајќи од донесувањето на Буџетот на Република Македонија, средствата од игри на среќа и другите средства беа ускратени за овие Здруженија на инвалидизирани лица за 66%. Потпретседателот на Владата и министер за труд е запознат со таа состојба.

И покрај укажувањата, договарањата, свесни сме сега и сите пратеници во последно време и средствата за јавно информирање, имаме јавни настапи и дири и предупредувања за зголемување на тој дел или целосно нормативно уредување на средствата, кои им припаѓаат на овие организации и имаме уште една друга уште по загрижувачка положба. И

средствата кои се предвидени во Буџетот на Република Македонија не се доставуваат на овие здруженија на инвалидизирани лица за остварување на своите основни и елементарни функции, како одржување на деловни простории, вработените лица особено тие веќе укажуваат дека не можат да ги реализираат своите програми. А во своите програми е зацртано и презентација на овој дел од законот, самите тие да се вработуваат, да им укажуваат на своите членови.

И затоа би апелирал до Парламентот, особено министерот за труд и социјална политика и потпретседател на Владата кој е запознат добро од страна на здруженијата и кој прави напори да се реши овој проблем. За овој проблем беше поставено и пратеничко прашање, колку што се сеќавам од колегата од Гевгелија Ристо Спанаков. Исто така, беше даден одговор. Се работи за тоа дека Министерството за финансии по овие одредени нерасчистени дејности, во овие здруженија не им уплаќа ниту 1/12 од предвидените средства.

Затоа за реализација на овој закон, а исто така би апелирал и до Парламентот да го усвои работниот заклучок, да се издаде една стратегија за презентирање на овие решенија, кои се оптимални, добри и на овие лица кои заслужуваат сестрана поддршка и поддршка од сите граѓани, бидејќи во овој закон нуди решение, мислам дека во однос на помош на овие хендикепирани лица, хуманитарниот дел, но истовремено создавање и профит, профит за работодавците и за основачите на трговските друштва.

Затоа сметам дека, треба да го поддржиме, а и другиот дел на кој укажува за средствата на здруженијата на инвалидизираните лица што поскоро да им се префрлат, како би можеле да го реализираат овој закон и да се вклучат во стратегијата за презентирање на решенијата.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници, јас како пратеник од владеачката партија не би можел многу нешто да додадам во однос на она што го кажа г. Гештаковски, како претседател на Комисијата за труд и социјална политика. Од моја страна го изразувам задоволството што конечно пред Собранието на Република Македонија се најде еден ваков Предлог – закон, кој што ќе го регулира вработувањето на инвалидизираните лица. Тој закон беше донесен во 1991 година. Овој пат јас мислам дека поконкретно се регулираат некои работи, кои што не биле така искажани. Така што голем број на инвалидизирани лица, кои што беа засегнати се вработуваа, после тоа дека не се води грижа кон нив, јас мислам дека овој пат државата ќе изнајде начин и средства да ги стави во заштита.

Исто така, би сакал да го изразам задоволството како пратеник од градот Прилеп, каде што постојано имаме контакти со вакви инвалидизирани лица, кои што инсистираа во Собранието на Република Македонија да се постави прашање за решавањето на нивниот статус. Јас еве почнувам, сега на денешен ден ја користам оваа можност и да го искажам задоволството во нивно име, што една таква точка се најде на дневен ред. Мислам доволно беше образложено, повеќе нема што да говорам во однос на законот.

Јас од моја страна со задоволство ќе гласам за Законот за вработување на инвалиди.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани членови на Владата, колеги пратеници, со задоволство можам да истакнам дека ова денеска пред нас е Предлогот на законот за вработување на инвалиди, кој што како што ми се чини ќе биде поддржан скоро од сите пратеници во Собранието.

И тоа е добро, бидејќи станува збор за закон, кој што на некој начин навистина го третира проблемот со инвалидите, посебно нивното вработување и мислам дека на задоволителен начин го решава, барем според предлозите што се тука дадени, поточно со соборување на даноците, односно со директни интервенции, од страна на Буџетот, односно Владата во поглед на придонесите за пензиско и инвалидско осигурување.

Една од работите, за која што би сакала да проговорам, а сепак, треба да сме внимателни, при донесувањето на овој закон, е можноста за развивање на тенденции, на злоупотреба на овој закон. Имено, станува збор за претпријатија, кои можат да се регистрираат, како заштитни работилници или како претпријатија што вработуваат инвалиди, меѓутоа по некое време да го намалат бројот на вработените инвалиди, а во меѓувреме се уште да ги користат бенефициите, што ги носи овој закон и да не плаќаат даноци кон државата и т.н. Значи, на место на инвалидите да вработуваат здрави луѓе, а придонесите или

давачките кон државата, да ги третираат со олеснувањата, што ги носи овој закон. Тука е предвидено и трудова инспекција да се грижи за регуларноста на фирмите, кои што се декларирале дека навистина вработуваат инвалиди и во целата оваа работа, добро е навистина, ќе го донесеме скоро, со консензус овој закон, меѓутоа, би сакал токму овие тенденции што ги спомнав, би сакал да дадам еден апел до колегите од СДСМ, иако декларативно го поддржуваат законот, би сакал да извршите едно влијание во неколку претпријатија, кои што се декларираат како блиски до вас, или печатат ваши весници, да ги вратат на работа пуштените инвалиди од пред некое време, па декларативното ваше претставување дека сте за овој закон, да го преточите и во конкретни дела.

Значи, некои луѓе што беа отпуштени, не само што биле отпуштени, туку и не им било платено за придонесите. Извршете ве молам, одредено влијание врз тие газди, да ги вратат назад на работа отпуштените инвалиди.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Данило Глигороски.

За збор се јави господинот пратеник Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине Глигороски, во последно време почнувате со инсинуации во врска со СДСМ. Нашата партија не функционира во системот, пратениците или раководството на партијата, да даваат наредби на сите членови на партијата, војнички да ги послушуваат, како што некои други функционираат. Апсолутно сметам дека со овие инсинуации, во услови кога поддржуваме еден закон, повторно да се бараат причини, како да се внесе забуна во Парламентот.

Од овие причини, ве молам, да не ги сфаќате сериозно ваквите навреди врз СДСМ.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Никола Поповски.

За реплика се јави господинот пратеник Данило Глигороски.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОСКИ:**

На мојот апел, всушност, не се одговори. Се обидува работата да се насочи на друга страна. Значи, јас повторно апелирам, не морате вие да им дадете наредба на вашите членови, можете да извршите еден апел, да ги вратат на работа.

Меѓутоа, да не ја вртите водата во друга насока, дали биле инсинуации и т.н. Можете да извршите влијание, тие инвалиди да се вратат на работно место.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Данило Глигороски.

За збор се јави господинот пратеник Жарко Караџоски.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, немав намера многу за зборувам во врска со овој закон, затоа што ако ги слушнав внимателно колегите, кои што зедоа збор по овој закон, нема што нешто ново да се додаде, буквално е се кажано.

Јас би се надоврзал на последното излагање на господинот Данило Глигоровски, во смисла на враќањето на работниците, кои се отпуштени. Јас би го потсетил Данило дека не се само толку, колку што кажува, отпуштени се многу, заедно со сите закони, така што оваа категорија на лица ја трпеа судбината на Законот за трговски друштва на Законот за претпријатија, поточно, затоа што за овие лица не постоеше регулатива, која што денеска ја носиме во 2000 година.

Значи, не само што се отпуштени, по некакви директиви, туку ја трпеа судбината на сите оние работници, кои не беа инвалидизирани, почнувајќи со технолошкиот вишок, стечај и т.н., така што голема е бројката на инвалидизираните лица, кои денеска, ако го немаше овој закон, не ќе можеа да ја најдат својата егзистенција, односно не ќе можат да го остварат своето право да се вработат.

Од таа причина, кога го слушам колегата Александар Гештаковски, кој го ценам како стручњак и како пратеник, навистина премногу стручно и премногу добро дискутира. Мене ми се јавува само една дилема. Зошто мораше претходната Влада од СДСМ, во кој што има луѓе како што е Александар Гештаковски, со толку добри познавања, зошто чекал, некоја друга Влада да го донесе овој Закон.

Ако се земат предвид сите оние негативни појави, кои што ги следеа овие лица, за тоа ќе дадам еден илустративен пример, за трговските друштва, кој е донесен 1995 година и кој пет години од како е на сила, со овие нови лица, остана да важи Законот за претпријатија. Така што, апсолутно немаше можност, овие лица да најдат било какво вработување, не можеа

да си ја обезбедат својата егзистенција, ниту својот статус.

Сега, со еден ваков закон, кој што дава широка лепеза на овластување, да се оствари проблемот, овие лица да се вработуваат, во заштитните друштва, преку сите категории што ги наброи господинот Гештаковски, во смисла на одвојување на средства, кои средства ќе се стават во посебни фондови, а ќе се користат за развој и вработување на овие лица. Зошто, кога навистина има толкави познавања, кога толку стручност постои во овие луѓе, зошто тоа не го направивте, туку мораше да се чека, не знам колку години, а за сметка на тоа, ваквите лица да трпат консеквенци. Тоа требаше да го сторат многу порано, денеска да ги немаме тие проблеми.

Од друга страна, цело време кажуваат како оваа Влада прави вака или онака и се негативно во смисла на овие реформи, а сега, официјално кажуваат огромна поддршка за не знам кој закон. Тоа е навистина несфатливо. Зошто мора да се фали, да речеме Владата, кога имаа можност сето тоа тие да го направат. Ако може нека ми одговори.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Жарко Караџоски.

За реплика се јавува господинот пратеник Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Прво мислам дека е непримерно, да се води маркетинг или да се тргува со овој закон за инвалидизираните лица, би зборувал од аспект и како претседател на таа комисија и како пратеник. Не примерно е во овој Парламент да се нудат решенија. И досега имаше ослободување од персонален данок. Со овој закон сите имаме една желба да го надградиме, да го доградиме во овие транзициони времиња, да го прилагодиме со Европскиот дел, но ништо не бива, доколку немаме економска моќ. Се нудат решенија, а сите ние и Владата имаме желба да им помогнеме на овие лица.

А на господинот од Прилеп Жарко Караџоски би му укажал да оди во Даре Џамбаз, во Домот за инвалидизирани лица и во Здружението на инвалиди, тој што им ветуваше и тој и овие пратеници, нека одат во Даре Џамбаз, па ќе видат како ќе бидат пречекани и што ќе им се каже, во однос на тоа што беше ветувано и тоа што беше исполнето од страна на оваа Влада.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Александар Гештаковски.

За реплика се јави господинот пратеник Жарко Караџоски.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Господине Гештаковски, воопшто не е проблем да појдам во Даре Џамбаз, затоа што јас тоа што сум го ветил го правиме.

Ние ветивме дека ќе донесеме закон, со кој што ќе ги регулираме правата, а како последица на овој закон, ќе овозможиме вработување на оваа категорија. Значи, воопшто не е проблем, да појдам и да ветам. Јас не знам, како вие се надевате да појдите и да им ја објасните вистинската слика. Колку фирми затворивте, меѓу нив и ваквите фирми, кои што вработуваат инвалидизирани лица. Немојте да ја вртите темата.

Прочитајте го писмото во кое се обраќа здружението на Заедницата на претпријатијата за професионално вработување на инвалиди во Македонија. Луѓето инсистираа да се донесе ваков закон. Ако сигурно било се во ред, немало потреба да се донесува ваков закон.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

За збора се јави господинот пратеник Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

И до сега имаше закони и досега имаше одредени права, но треба сите ние пратениците и Владата, да се ангажираме, да ги спроведеме тие решенија и особено и господинот Глигоров, како што рече и за одредени злоупотреби. Нормативно, ние можеме да регулираме се, во практиката да го оствареуваме и досега се остваруваа и функционираа.

Понатаму, не би сакал да му реплицирам на колегата.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

За збор се јави господинот пратеник Данило Глигоровски.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Потполно се согласувам дека не треба оваа тема да се користи за маркетинг и кога кажав за апели, мислев ако може да се изврши тој притисок, а што се однесува до средби, со било каков тип на граѓани, дали се инвалидизирани, дали се вработени и т.н., секој вторник се среќавам и со инвалидизирани лица и со здрави граѓани и т.н. Значи нема проблем дали ќе се сретнам, ќе им кажам, за следниот вторник, ако овој закон го усвоиме, нема проблем.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

За збор се јавува господинот пратеник Мухамед Тахири.

**МУХАМЕД ТАХИРИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, и овој Предлог - закон е дел од реформите, со кои јас овде се среќавам. Предлог - законот е чекор напред, кон решавање на проблемите, со кои се соочува државата. Затоа, со овој закон се опфаќа посебна категорија граѓани, кои до сега им биле товар на семејството и државата.

Би сакал да нагласам дека овој закон да не се прифаќа како милостиња, за одредена групација на граѓани, туку овие граѓани да ги стекнат нивните права определени со закон.

Затоа, овој закон го гледам како предизвик, за натамошно размислување, како да им се помогне на оваа група граѓани. Да нема злоупотреби на овој закон, но да не им се скратат правата на оваа категорија граѓани.

Во мое лично име и во име на Пратеничката група на ДПА, го прифаќаме овој закон.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Мухамед Тахири.

Има збор господинот пратеник Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине потпретседателе, почитувани колеги, морам да ви кажам дека јас не очекував и за овој закон дека ќе има меѓупартиски препукувања, меѓутоа и ова се случува, меѓутоа сакам да го кажам ставот на Пратеничката група на ПДП.

Добро е што имаме на дневен ред ваков закон, значи Предлог на закон за вработување на инвалиди. Добро е што една наша морална и хумана поддршка е нормирана со закон и добро е што овој закон ќе ја овозможи на тие, кои непосредно ќе можат да до практицираат и да овозможат вработување на инвалиди и затоа мислам дека, не треба премногу тука да се дискутира, кој каков закон донесува, затоа што, сепак ние сме законодавен дом и секогаш ќе има време, да се донесуваат и подобри закони, понекогаш и полоши, а тоа е што е најдоброто во овој закон, навистина треба да се поддржи, а посебно ме радува тоа, што во матичната комисија учествувале и претставници од оваа категорија на луѓе, кои непосредно придонесувале да се донесе ваков закон и јас мислам дека ние, како пратеничка група ќе го поддржиме овој закон, а не се сомневам дека и другите колеги ќе го поддржат законот.

(Со седницата продолжува да претседава господинот потпретседател Томислав Стојановски).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јави господинот пратеник Нано Ружин.

**НАНО РУЖИН:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници, претставници од Владата, јас навистина бев пред малку мошне емотивен, ја примив целата оваа канонада на реплики и анализи на туѓи говори или некој што пропуштил и како пропушти, со овој закон, затоа што сметам дека прво беше коректно да се истакне дека имаме целосен политички консензус и срамота е, ако на пример се  во кожата на некој инвалид, или хендикепиран, замислете го како тој ќе реагира, кога ние се караме околу некои работи, кои се однесуваат за нешто што му припаѓа, според правата.

Имено, овој закон, не треба да го сфатиме како милостиња, туку како право на хендикепираните, кои што им припаѓа, според сите социјални права, конвенции и т.н., усвоени во Европската унија, во Советот на Европа и во другите институции. Така што, кој направил, како направил, дури и околу тоа можеме да дискутираме, имаме голем дел, од овој закон беа расфрлени во разни други закони, како што беше Законот за работни односи, Законот за социјална заштита и т.н.

Јас го поздравувам овој закон, но сметам дека е некоректно, околу него да се добиваат политички поени, затоа што, дали сте размислиле, дека со овој закон всушност ние ништо не решаваме. Овој закон само треба да ви биде на вид, отворање на можна нова инспирација, сами да си поставиме сите прашања, па и токму, на национално координативно тело, каков е статусот на хендикепираните лица во оваа држава.

Поголем број од вас, веројатно, биле во други држави на Европа, и сме ја виделе сите инфраструктурата од телефонски говорници, паркинзи, до простори, резервирани за хендикепираните лица. Треба да знаеме дека тоа може да му се случи на секого од нас, бидејќи како што знаеме, хендикепираните можат да бидат со вродена мана, тоа може да им се случи и во текот на нивниот живот. Тоа се обично луѓе со мала надеж дека можат да се извлечат и

често психичкиот бол е многу потежок, отколку физичкиот бол.

Според тоа, смешно е, дури и безобразно, денеска да водиме политичка расправа, кое повеќе за или кој е против оваа работа.

Би сакал да потсетам дека е познато во светот, речиси секој десетти граѓанин е хендикепиран. Во Македонија, статистичките податоци не се точни, има законски норми, кој е инвалид, а кој не е инвалид, меѓутоа постојат голем број на луѓе, кои што практично, се инвалиди, меѓутоа го нема тој статус на инвалиди.

Исто така, голем е бројот на луѓето кои што се над 60 годишна возраст, кои што станале инвалиди. Било да се работи за инвалиди, кои останале како резултат на претрпена болест и т.н. Кога сето тоа ќе го погледнете, пред нас се отвора повеќе една маса на проблеми, бидејќи ова што денеска го носиме, не значи дека ќе биде доживеано, дека власта еве донесе закон, со кој што ќе му го олесни животот на хендикепираниот. Ова е само една мала трошка, за која што сите ние како граѓани, независно од која власт и кој ќе биде на власт, треба да се замислиме. Знам, исто така, дека постојат реални проблеми, сиромаштија, економски неповолности и т.н., но сепак, колку толку, во нашите рамки, треба да се трудиме.

Затоа ве молам, давајќи го мојот глас за овој закон, да престанеме да се обидуваме, да нарекуваме некој дека отпуштал или не отпуштал и т.н. Дека некој отпуштаат и здрави луѓе, па ништо не им велиме. Некои распуштаат и цели држави, па ништо не реагираме. Мислам дека нема потреба, овој закон да го врзуваме за такви работи.

Затоа, асоцирајќи на вашата совест, јас го поддржувам овој закон и сметам дека никој од оваа сала не е против овој закон и мислам дека треба да престанеме околу нашите наметнувања.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Нано Ружин.

За збор се јавува пратеникот Наталија Марковиќ - Димова.

**НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ - ДИМОВА:**

Господине потпретседателе, колеги пратеници, претставници на Влада.

Пред скоро една година, во моето пратеничко прашање упатено до министерот за труд и социјална политика, беше токму содржината на овој законски проект, кој што денеска го донесуваме.

За прв пат со овој закон се решава денес теоретски, а се надевам и практично егзистенцијата на оваа категорија на луѓе и треба да се спроведе и понатаму контролирана примена на Законот, заради можните злоупотребувања на истиот.

Многу е не коректно, не културно и не хумано околу еден ваков законски проект, кој што решава статус на хендикепирани луѓе да се води полемика, односно да се прибираат маркетиншко политички поени.

Затоа апелирам до колегите да се произнесат во врска со гласањето и во врска со предлозите за измена на текстот или некои други предлози, но да се концептираат токму околу овој проект, заради неговата структурност според мене.

Се надевам дека од досегашните дискусии, како и да протекоа тие, се назира дека овој закон ќе биде донесен во консензус и тоа покажува навистина слух и од страна на опозицијата и позицијата за регулирање на статусот на инвалидите, за отворање на една партиска рамка и можност за нивно вработување согласно овој закон, со тоа што вработувањето ќе ја отвори правната рамка, ќе створи обврски на работодавците на овие лица.

Сосема на крај да кажам дека пратеничката на Демократска алтернатива, ќе се произнесе позитивно за Законот за вработување на инвалиди, со надеж дека неговата практична примена ќе биде контролирана, а со тоа нема да се појават можните злоупотреби.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам на госпоѓата Наталија Димовска.

Има збор господинот Ѓорѓи Котевски, а да се подготви Оломан Сулејмани.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, излегов со една единствена цел, бидејќи имам морално право, морална обврска како вработен 11 години во една заштитна работилница во Битола, да го дадам мојот прилог за донесување на овој закон, но и да укажам на нешто што се случуваше во овие изминати години од постоењето на повеќепартискиот систем во Република Македонија и околу приватизацијата на претпријатијата во државата.

Ние како пратеници, или ако сакате, ние како Влада во Република Македонија, која има поддршка од ова парламентарно мнозинство во Собранието, не можеме туку така да се откажеме од одредени политички импликации што сме ги правеле или не сме ги правеле во минатото. На пример, ние не можеме туку така да се откажеме од последиците што настанаа со донесувањето на Законот за приватизација во Република Македонија. Сосема е јасно и извесно и доста од граѓаните знаат дека ние имавме друг концепт за приватизација, но за жал тој не беше прифатен, туку беше прифатен од страна на СДСМ, таа владеачка гарнитура го донесе тој закон со мнозинство и нормално и ден денес важи тој закон.

Меѓутоа, не можеме да поминеме туку така со состојбите што настанаа во оваа област, особено во заштитните организации, кои и ден денес, прво тргнувам од Битола да не зборувам за Скопје и целокупно за Република Македонија, каде што се направи еден голем хаос и голем пакост. Пакостот и хаосот што го носи одредена политичка структура, мора да го сноси како свое зло. Јас во никој случај во таквото зло не сум учествувал како политичка структура, затоа што други тоа го направиле и ние мора да направиме јасна дистинкција во државата во одреден период, со носењето на одредени политички и законски мерки некој ако носи позитивен ефект тоа ќе биде за нив, а ако донесе негативен ефект повторно ќе биде за нив. Тука јас не го сметам ова за политички натпревар, при донесувањето на овој закон. Овој закон е на хартија, донесување за правилно однесување во оваа област. Допрва ни претстојат одредени тешкотии, заради практична примена на овој закон, меѓутоа на теренот во Република Македонија во стопанството имаме катастрофална состојба.

Конкретно ќе ви кажам. Во Битола "Електро Битола", е заштитна организација, не сакам да споменам човек на каков силеџиски, безобразен начин овие луѓе, бидејќи полнеа акумулатори, на каков начин беа исфрлени од просториите и со казми им беа изрушени. И сега ние ќе зборуваме за одредена совршеност и хуманост? Таквата политичка одговорност ќе си ја сносат, тие што ја направија, а не ние или јас.

Исто така, да ја земеме состојбата на еден Социјален борец, заштитна организација од Битола, тоа беше поим и симбол на добра организација. Денес е во бедна, во никаква состојба. Во еден хаос, сите луѓе се без работа и се бара излез од оваа состојба.

Со ова сакам да укажам дека, со овој закон практично ние ништо нема да решиме, само ако останеме на донесување на овој закон. Ние мораме практичните мерки да ги влечеме после донесувањето на овој закон, за да можеме после во практиката да го спроведеме. Јас сум сигурен дека ќе имаме одредени пречки, бидејќи приватизацијата на претпријатијата е во завршна фаза. Не знам одредени состојби како ќе ги санираме во овие заштитни организации, каде што претежно работат инвалидизирани, хендикепирани лица. Токму заради тоа станав барем од морален аспект да проговорам. Навистина за оваа тема, посебно од оваа Влада ќе мора далеку, далеку потемелно да се размисли за тоа и да се види, да се исцрпат сите потенцијали во државата дали од надворешни, со надворешна помош, дали од Буџетот на Република Македонија, или некои други додатни средства, овие организации да можат да добијат било каква помош, се со цел овие лица да останат на работните места, затоа што при нивното ликвидирање тешко ќе биде нивното повторно вработување, затоа што има создадено одреден потенцијал и одредена инфраструктура во овие работни организации што го носат називот заштитни работилници или заштитни организации.

Токму заради тоа сакам да укажам дека состојбата на овој план е многу тешка, меѓутоа, со додатни напори на Владата, со додадени средства по било која основа, нормално Владата ќе најде начин како тоа ќе го направи, мислам дека постојат добри можности и добра прилика дел од овие заштитни организации да можат да проработат и приватизацијата која е започната кај нив да може да се изведе во правилен ред, бидејќи искрен ќе бидам, верувајте дека голем дел од овие организации проценката им беше многу намалена. Ја немаат правата вредност што требаше да ја добијат. Еден пратеник од првиот Парламент, Благој Тошев рече: "Ги проценија само керамидите на покривот". Другиот не беше ништо проценето.

Затоа јас лично сум задоволен што овој законски текст доаѓа во собраниска процедура, ќе гласам за него, но повторно укажувам и апелирам дека овој закон не е доволен за решавања на целокупната проблематика од оваа област. Мислам дека треба Владата да изнајде можности и да и се даде прилика на веќе постојните организации, кои се во крајна фаза на

приватизација да се најде начин и тие работници да останат, да не речам дури и да се прошират, бидејќи ја имаат таквата суштина и таквиот ранг на значење.

Со тоа сакав да дадам свој прилог и ќе гласам за законот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам на господин Котевски.

Збор има Оломан Сулејмани, а да се подготви Ризван Сулејмани.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван потпретседател, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата, немав намера да се јавувам за збор во врска со Законот за вработување на инвалиди, меѓутоа одредени мои колеги, така да речам не провоцираа, меѓутоа морам да свртам внимание дека треба на сите да ни биде жал, бидејќи се работи за луѓе кои без нивна желба се инвалиди.

Меѓутоа, одредени мои колеги и од лева и од десна страна и во овие моменти кога сакаме да донесеме еден ваков закон, за да на некој начин на тие хендикепирани луѓе им помогнеме наоѓаат можности и сили да поентираат политички. Верувајте дека тоа ви носи пред се на вас штета и не се надевајте дека некој ќе ве поздрави во врска со вашите излагања. Ние мора да бидеме свесни дека сме носеле разни закони, меѓутоа за да се материјализираат тие закони ние имаме економска слабост, односно не сме држава со голема економска моќ и нашата армија на невработени, веројатно овој закон прво тие ќе го поздрават, затоа што верувам дека тие не прават натпревар со такви нивни колеги кои бараат работа, меѓутоа со хендикепирани можности.

Законот дури доцни, меѓутоа јас како пратеник од ПДП ќе го поддржам со сета моја желба, бидејќи се работи за луѓе кои на некој начин овој закон ќе им помогне за нивно вработување. Меѓутоа, како што видов од поранешните дискутанти и од лева и од десна страна, мислам дека нивната цел не е за да се вработат овие луѓе, туку чисто гледаат есенските избори односно да покажат пред граѓаните дека ние не сме виновни, односно поранешната власт ја критикува сегашната власт.

Овој закон јас, а верувам и моите колеги пратеници од ПДП ќе го поддржат, бидејќи тој на некој начин дава надеж за хендикепираните луѓе, кои и онака се голем товар пред се на нивните семејства, а зошто да не речам и на нашето општество, односно на Република Македонија. Кога сме тука, а реков дека ќе бидам краток, пред мене доста колеги попрецизно го елаборираа, односно стручњаци се за вакви закони, јас мислам дека пред се сигурен сум дека законот ќе се донесе денеска, меѓутоа треба да се води сметка токму за инвалидите, затоа што сепак мислам дека нашите влијателни луѓе, кои се на политичката сцена и тука ќе направат големи грешки и нема да имаат предност оние лица, кои за жал немаат некои поголеми личности во нивните фамилии.

Законот е добар. Веројатно преку амандманска расправа, бидејќи имаме и амандмани поднесено, мислам дека својата конценпција нема да ја промени, меѓутоа, ќе се потрудиме со амандманите да добие поголема вредност законот. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам на Оломан Сулејмани.

Збор има Ризван Сулејмани, а нека се подготви пратеникот Љатиф Пајкоски.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван потпреседателе, почитувани колеги пратеници, јас навистина не сакав да се јавам, но бидејќи во наредната точка сакам да кажам одредени работи за оваа точка, со оглед дека мојата првична идеја беше да се опфати и оваа категорија граѓани на Република Македонија, за кои сметам дека беа дискриминирани, но бев провоциран од одредени луѓе овде, кои искажаа одредени работи. Јас не знам колку се стручни и колку навистина ги знаат работите на ова поле, но јас мислам дека малку повеќе од нив имам право да кажам одредени работи, во врска со проблемот на инвалидите, односно поранешните заштитни организации. Не е точно дека не постоела законска регулатива која им помагала на таквите заштитни организации да вработуваат хендикепирани лица и инвалидизирани луѓе. На ниво на општина Карпош поранешна, имаше најмалку 4 организации кои вработуваа од оваа категорија граѓани на Република Македонија. Дури едно време таквите бенефиции, кои се добиваа од заштитните организации беше голема провокација за големите бизнисмени да се регистрираат како заштитни организации, но во суштина да не се занимаваат со таа проблематика. Дури имаше една акција од страна на инспекцијата за труд, која ги откри и обвини дека на сто регистрирани заштитни организации воопшто немаат такви вработени, туку само ги користат бенефициите.

Целта ми беше, ако е целта со овој закон навистина да им се помогне и да се реши еден горак проблем, тоа треба првенствено да биде постојана грижа на Владата, а и на сите други, затоа што само со самиот факт на донесување на еден закон, тоа не значи дека по автоматизам се решени сите проблеми. Дури напротив тоа може да биде друга мамка за манипулаторите и разно разни бизнисмени, кои сакаат да ги злоупотребат и овие законски норми.

Според тоа, еден минат систем ние можеме да го критикуваме за многу нешта но тој систем многу повеќе се грижеше барем за оваа категорија граѓани на Република Македонија, а ние не сум сигурен дека ќе опстојуваме и не сум сигурен дали навистина до крај овој закон ќе ги даде потребните или очекувани резултати.

Затоа се придружувам кон апелот на господинот Котевски, кој изгледа ја познава оваа проблематика и треба перманентно да се следи оваа проблематика, ако сакаме навистина да имаме ефекти. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам. Има збор Љатиф Пајкоски, а да се подготви Лутвии Абдула.

**ЉАТИФ ПАЈКОСКИ:**

Пратеничката група на Либералната партија ќе го поддржи донесувањето на овој закон, затоа што ние многу од поодамна се занимаваме за решавање на статусот на оваа категорија на граѓани, иако наша оценка е дека сепак со донесување на овој закон се касни.

Се надевам дека сите што тука се изјаснуваме дека не треба да се прави политички маркетинг од донесувањето на овој закон и навистина тоа во пракса ќе го покажат и навистина другите дискутанти, нема да се однесуваат како да сакаат да прават политички маркетинг.

Инаку, кутрите тие граѓани од оваа категорија ако и понатаму продолжат да ги слушаат нашите дискусии, ако ние всушност не се заложиме и како позиција и како опозиција во пракса сепак овој закон да даде конкретни резултати.

Уште еднаш повторувам пратеничката група на Либералната партија ќе го поддржи донесувањето на овој закон. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Збор има господинот пратеник Билал Љутфиу, а нека се подготви Стојменов Златко.

**БИЛАЛ ЉУТФИУ:**

Господине потпретседателе, колеги пратеници, апсолутно не ми оди на памет дека за овој важен закон, посебно за оваа категорија на луѓе во Република Македонија толку долго ќе расправаме, па иако не сакав, но еве ќе дискутирам што го квалификувам како недогматски, па би рекол и дилетантски начин на однесување, оти право да земе збор има секој пратеник и да разговара, да дискутира колку сака.

Како пратеник, а во име на пратеничката група на ДПА ќе го поддржиме овој закон од причина што се работи за статусот на една категорија граѓани во Република Македонија кои, се разбира, очекуваат од партиите што се на власт и оттука сум на мислење дека барем овие три партии немаат причина за политички маркетинг. Конкретно, предлагаат закон што ќе го регулира статусот на инвалидите. А, опозицијата нека продолжи токму во стилот, како што реков, на догматски начин да ја злоупотребува, односно да се обидува и од оваа категорија на граѓани да добива политички поени.

Уште еднаш повторувам, како пратеничка група ќе го поддржиме овој закон и ќе го гласаме. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Збор има господинот пратеник Стојменов Златко.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Благодарам господине потпретседателе, се јавив да искажам задоволство што се носи еден ваков законски проект, што се почнува со регулирање на една ваква законска регулатива, посебно што, несомнено од сите дискусии и од она што беше кажано овде и од личното искуство, е дека луѓето од организациите каде се здружени инвалидизираните граѓани, навистина има активен однос кон пратениците, кон Парламентот на Република Македонија. Овде е јасно дека тие имаат активен однос и кон опозицијата и кон позицијата, барајќи да се решат нивните проблеми. Со влегувањето во процедура на овој законски проект, јас навистина, од денеска чувствувам дека и ние ќе имаме активен однос кон нив, односно ќе почнеме да комуницираме со нив на овој начин што ќе почнеме да регулираме, меѓутоа само еден сегмент од нивните проблеми, како што беше речено во неколку наврати. Тоа е проблемот на вработувањето.

Навистина, за одбележување е, од тие контакти со нив произлезе дека тоа е

само еден сегмент од нивните проблеми. За восхитување е гледањето на начинот на кој се решени проблемите во низа развиени земји. Тоа беше овде спомнато и сакам да го потенцирам како размислување. Навистина прекрасно делува кога на еден преполн паркинг во големите градови остануваат празни две - три паркинг места, одбележани за инвалиди и кога во секоја современа самопослуга или продавница во земјите од Западна Европа и други земји што ги имаа решено овие проблеми на соодветен начин се наоѓаат начини, како да се премостат градежните пречки за инвалидизираните лица.

Можеби најмногу се јавив за овој сегмент, да кажам дека со активниот однос на Владата кон овој проблем, посебно апелирам на Владата во следната фаза, покрај решавањето на овој проблем, што несомнено доби консензус, едно општо задоволство во Собранието што се донесува, мислам дека треба да се размислува следниот проблем да биде донесување на акти и спроведување, како што беше овде речено, за надминување на проблемите, градежните пречки за минување на инвалидите во РМ, со што би се олеснила нивната положба и секојдневните активности што ги имаат.

Можеби тоа беше најголемата причина заради што се јавив. Инаку, околу законскиот акт со вработувањето, беше речено од колегите пратеници овде, сите имавме позитивен однос и намери кон овој законски акт.

На крајот, да кажам дека тие се организирани во низа организации што се успешни, ги бараат своите права и бараат решавање на своите проблеми. На потез е државата, Република Македонија, Парламентот и Владата да решаваат сегмент по сегмент на овие проблеми, во духот на примерите како што ги спомнавме пред малку.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Стојменов.

За збор се јави господинот министер Бедредин Ибраими.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Господине потпретседателе, дами и господа пратеници, не случајно не се јавив за збор во општата расправа, оценувајќи дека вака ќе се одвиваат работите. Меѓутоа, морам да укажам дека, навистина се работи за добар закон што е прифатен од сите пратеници присутни во Собранието.

Меѓутоа, се отворија дилеми во јавноста дали законот ќе биде применлив. Значи, однапред се доведува во прашање имплементацијата на законот. Со полна одговорност кажувам дека законот и те како ќе биде применлив. Ако добро го прочитате законот и законските решенија, во закон каде што со законска одредба се обезбедуваат избори на финансирање, а тоа се 15% од придонесот за вработување што директно ќе се издвојува и уплатува во посебниот фонд што ќе се формира, потоа царината и ДДВ на заштитните работилници што до сега беа ослободувани, а сега не се, непосредно ќе се уплатуваат во посебниот фонд. Значи, обезбедени се сигурни извори на финансирање за вработување на оваа категорија на граѓани. Законот ќе биде и те како применлив и материјализиран веднаш по стапувањето во сила.

Исто така, со законот се предвидува да се донесат и соодветни подзаконски акти што се во надлежност на министерот за труд и социјална политика. Тие подзаконски акти ќе се донесат во утврдениот рок со законската одредба и околу овие формалности нема да има никакви пречки.

Меѓутоа, не смеат граѓаните да очекуваат дека државата ќе оснива заштитни друштва. Државата, односно Собранието, со донесување на закон овозможува услови граѓаните да формираат заштитни друштва, за да можат да вработат вакви лица и нормално, да ги користат тие погодности. Така што во целина, законот е добар, прифатлив и применлив веднаш по неговото донесување.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јави господинот пратеник Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Господине потпретседателе, господине министер и потпремиеру и господа пратеници, ова што се донесува овој Закон за инвалиди и што треба да го изгласаме, јас лично ќе го поддржам, затоа што е во интерес на РМ. Но, од министерот барам само едно, ако може да одговори при формирање на заштитни работилници за инвалиди или тоа што ќе биде, дали инвалидите ќе бидат ослободени кога ќе се донесат машини или средства или други работи за нив за да ги вработат. Тоа го поставувам лично јас, сакам да знам за мене и јавноста да знае.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Во дискусијата господинот пратеник се обрати со прашање, така што треба да одговорите господине министер. Повелете.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Токму тоа се прави со овој закон.

Меѓу другите погодности, токму и оваа погодност.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави повторно господинот пратеник Нано Ружин.

**НАНО РУЖИН:**

На министерот сакам да му поставам прашање во смисла на овој закон, бидејќи дефиницијата "хендикепирани" е многу широк поим. Можат луѓето и социјално да се хендикепирани.

Со оглед дека не сме имале долго пратенички прашања, ја користам можноста само едно прашање или ако можете да помогнете.

Сум контактирал со неколку здруженија, меѓу кои и самохрани мајки кои речиси протестираат на фактот што дел од помошта што ја добиваат, на таа помош плаќаат ПТТ услуги. Сметаат дека се работи за големи суми, бидејќи поради големиот број на корисниците на помошта, всушност тоа им се одзема од таа парична помош.

Дали во таа насока може нешто да се направи, или да реагирате на Владата, бидејќи сепак тие симболични средства за некого се многу. Во таа насока е прашањето. Во тој контекст тие комуницирале со некое лице од Министерството за труд и социјална политика, меѓутоа не добиле соодветен одговор.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Повелете господине Ибраими.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Не би сакал да ме држите за збор, ова ќе го проверам. Нормално, ако е така и ако одредена такса Македонските пошти наплатуваат од корисниците на оваа помош, ќе треба да се види можноста ако е тоа така, да се обезбедат дополнителни средства. ПТТ мора да ја наплати услугата. Дали тоа ќе го направи од граѓанинот или од државата, тоа е да се провери. Вашето прашање е умесно и ќе се провери.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Бидејќи повеќе никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандман на насловот на предлогот на законот и на член 25, на насловот на Глава II и член 4, член 11 став 2, член 12 став 3 и 4, член 16 став 2 и 3 и на член 19 став 1 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на Предлогот на законот.

Комисијата за труд и социјална политика поднесе амандман на член 17, со кои се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Колеги пратеници, не тврдам дека сме помалку од потребните, но ако некој од колегите се надвор од салата, бидејќи се приближува чинот на гласањето по овој Предлог на закон, ги молам колегите да влезат и тие да учествуваат во гласањето.

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од присутните 73 пратеници, гласаа 70 пратеници, од кои 69 за, а 1 воздржан.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за инвалиди.

По повод донесување на законот, Комисијата за труд и социјална политика му предлага на Собранието да го усвои следниов заклучок:

Собранието на Република Македонија препорачува на Владата на РМ да изготви стратегија за презентирање на решенијата од Законот за вработување на инвалиди.

Овој заклучок да се достави до Владата на РМ и до министерот за труд и социјална политика.

Ве молам да гласаме за овој заклучок.

Од вкупно присутни 73 лица, вкупно гласале 69, од кои 65 за, 3 воздржани и 1 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Минуваме на точката 2 - Предлог - декларација за еднаквост при вработувањето на припадници на националностите.

Предлогот на декларацијата и извештаите на работите тела ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес. Молам, кој бара збор?

За збор се јави предлагачот Сулејмани Ризван.

Го повикувам да излезе и да го образложи својот предлог.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, дозволете, само со неколку зборови да образложам што беше целта и идејата за донесување на една ваква декларација.

Прво, да ви кажам ниту ми е фах, ниту ми е некоја специјалност посебно да се занимавам со оваа проблематика. Но 1987 година, идејата ми падна читајќи една теоретска книга "Смртни прашања", во која меѓу другото се проблематизира, односно се даваат некои теоретски толкувања, како во одредени земји доаѓа до вакви аномалии од типот што одредени категории граѓани по национална или верска припадност да не бидат опфатени во работен однос согласно нивната стварна и реална припадност во тие општества.

Во таа книга видов дека една таква проблематика и такви расправи се водени и во многу подемократски земји, како што е Америка. Во таа земја со одредени акти и документи, односно со закони и одредена регулатива се обидува да се поправат одредени пропусти и недостатоци.

Поаѓајќи од таа идеја, почнав да барам документација каква е ситуацијата во РМ во врска со обработувањето на националностите и како таа се движи во последниот период од 10 години.

За жал дојдов до фрапантни податоци кои уште повеќе ме поттикнаа да се нафатам да барам начини како да се надмине овој проблем. Првобитната идеја ми беше да подготвам закон и се обратив до службите на Собранието на РМ да ми дадат определени луѓе кои ќе ми помогнат за подготвување на еден ваков закон, а посебно овде морам јавно да им се заблагодарам на студентите од Организацијата на НБАИ, кои се вклучија во помош на Собранието на РМ и дадоа голем придонес. За жал, после два три месечна работа дојдовме до една констатација дека, сепак проблемот со кој сакам да се занимавам е многу сложен, многу комплексен, многу слоен и многу димензионален, па затоа дојдовме до констатацијата дека оваа фаза ќе мора да се оди со една многу поширока јавна расправа, почнувајќи од Собранието на РМ каде што ќе се видат ставовите и видувањата на политичките партии кои денес се присутни во Собранието, врска со овој проблем и да и се даде можност и на јавноста да расправа за овој проблем.

До какви констатации дојдовме при проучувањето на оваа проблематика?

За жал и покрај тоа што на време бараа информации повторно од одредени институции на кои им е специјалност и се занимаваат со оваа проблематика, како што е Заводот за вработување, испративме писмо во мое име како заинтересиран за оваа проблематика уште во првиот месец на 1999 година, но за жал до ден денес немам повратни информации.

Знаете дека во Парламентот беше поставено и пратеничко прашање во врска со опфатеноста на националностите во државните институции но и за тоа прашање сеуште немаме добиено одговор за да можеме да констатираме каква е моменталната ситуација, иако не се надевам дека нешто битно е променето.

Јас овде ги користам податоците, реков од Заводот за статистика и тоа од 1998 година, понатаму од април 1999 година и некои податоци од 1991 година. Што зборуваат тие податоци. За жал тие податоци отвараат една многу лоша слика за тоа каква ни е ситуацијата со вработувањето на националностите во РМ. Така во 1998 година, според официјалните податоци од Заводот за статистика Албанците како работоспособна сила, односно граѓани со над 15 години возраст се евидентирани со 18,5% во вкупниот број, додека Македонците се со 82,8%, Власите 0,3, Ромите 1,9 и понатаму, не би сакал да ви одземам време со податоци.

Како се тие рефлектирани како работна сила пријавени за работа ќе дојдеме до констатација дека тој сооднос тотално е нарушен со тоа што како евидентирана работна сила според статистичките податоци, Македонците учествуваат со 78,1% додека Албанците со 13,6%, затоа што се знае дека најголемиот дел од женската популација кај Албанците не се пријавува изразена во проценти, во женскиот дел тие учествуваат само со 5,2, наспроти машката популација со 18,9. А колку се тие вработени оваа разлика е уште поголема. Така да во вкупно вработени, процентуално изразено, во 1998 година Македонците се 84,5%, наспроти Албанците кои се само со 9,4% понатаму Власите со 0,3 Ромите 1,7 Турците 2,2 и Србите со 1,4. Самите податоци укажуваат на тоа каква ни е состојбата со вработувањето на националностите во РМ.

Во Комисијата ми беше укажано дека овие податоци се стари и веројатно е дојдено до промена на овие податоци. За жал најновите податоци, тие што јас ги имам од април 1999 година не покажуваат никакво подобрување, туку напротив дека ситуацијата и понатаму се усложнува и тие кажуваат дека процентот од 9,4% вработени Албанци се спуштил само на 9,0, што значи дека нема никакви тенденции на подобрување. Уште е полоша ситуацијата, ако се вратиме на 1991 година. Од тие податоци ќе видиме дека влошувањето на ситуацијата во однос на вработувањето на националностите во РМ драстично се нарушува. Така од 1991 година во вкупно вработени 80,6% биле Македонци, 10,6% Албанци, 2,3 Турци, 1,6 Роми, Власи 0,6, Срби 2,3 и т.н., што кажува дека за десет години бројот процентот на вработени Албанци од 10,4 се намали на 9,4%, односно опаѓа за 1% наспроти вработените Македонци, кој расте од 80,6% на 84,4%.

Истите податоци од 1991 година укажуваат на тоа дека и тие вработени Албанци во тоа време воглавно биле вработени Албанци во нивна сопственост односно во земјоделието, а само мал број во општествен и во здружен сектор. Тој однос е многу лош. Така да во овие општествени и мешовити здруженија, Македонците се вработени со 85,0%, додека Албанците се само со 7%.

Ако се има предвид дека од 1991 година доаѓаат со трансформација на општествениот капитал, кој воглавно се трансформира по познатиот модел кој ние веќе го усвоивме, ќе дојдеме до констатација дека огромното богатство кое некаде во 1991 година се оценуваше некаде на 12 милијарди долари, за понатаму да се обезвреднува во 1994 и 1995 година на 4,5 милијарди долари, јасна е констатацијата каде останува општествениот капитал и какви нус продукти произведува таа ситуација. Тоа значи и понатаму ни се влошуваат параметрите на вработеноста на Албанците.

Има и уште подрастични примери кои и те како треба да бидат грижа за сите нас кои седиме овде во Парламентот, не само за нас туку и на другите кои се заинтересирани за стабилноста на државата, кои укажуваат дека одделни сектори на општеството каде, да речеме во високите институции кои се занимаваат со наука и високо образовните институции податоците кажуваат дека Албанците таму се преставени во минимален број. Така да од 1994 година бројките укажуваат дека таму процентот на Албанците, во тие институции е 1,6% до 2,1, додека Македонците со 93%.

Уште полоша слика ќе добиеме ако се гледа како и каде се вработени Албанците. Таа слика ќе ни каже дека Албанците воглавно се вработени во земјоделието и од вкупно вработени дури 32,9% се вработени во земјоделието, значи на сопствената земја, 31,1% се вработени во индустриски и сродни на тоа работи. Така да во управно - административните работи тие учествуваат со 3,1%.

Сите овие податоци мене барем ме загрижуваат, а мислам дека сите ние кои сме овде треба да бидеме загрижени, а не само ние туку и тие што повеќе и подалеку од нас треба да гледаат, како што се разните институции, кои треба да се занимаваат стратешки каде не водат овие податоци.

Јас како политичар овде денес јавно можам да повикам и да прашам каде оди РМ со овие податоци.

Теоретските и практичните анализи покажуваат дека држави кои ни приближно немаат вакви параметри се обидуваат овој проблем да го решаваат на разни начини. Така кај мене имам документација од американскиот Конгрес, за тоа како тие се обидуваат да ги решаваат овие проблеми што се однесуваат на разните национални малцинства и групации кои живеат во РМ. Тие донесуваат и закони, посебни акти и планови за подобрување на ситуацијата во врска со ова прашање. Понатаму Канада ода подалеку и има донесено комплетен закон со кој се опфатени и понудени решенија како да се надмине овој проблем, било во јавниот било во приватниот сектор. Исто така тоа го прават и другите европски земји каде што во еден дел, земјите кои имаат проблем со ваквите групации, а еден добар дел од нив се занимава со проблемот на вработеноста на жената, која во првичната идеја ми беше идеја и цел и на мене, со тој проблем да се занимавам.

Со оглед на тоа што во пракса се покажа дека денес еден пратеник во Собранието на РМ има навистина лимитирани можности да може да користи и други механизми и друга помош, освен службите во РМ, кога не може да вклучи научни и други институции кои можат да придонесат за подобрување на текстот, односно да се понуди некој закон со кој ќе се направат напори да се подобри оваа ситуација, јас во оваа фаза се одлучив да понудам декларација.

Инаку јас она што го консултирав и она што го имам како сознание, ќе морам да ве потсетам, а мислам дека сите вие овде тоа го знаете дека воглавно политичките проблеми и корените на сите политички проблеми се во економските проблеми. Зарем треба да ве потсетам, а мора да ве потсетам, тоа го реков на една комисија. Имено во 1974 година, ако не се лажам, во период на бурен развој на Косово, при посета на тогашниот Маршал Тито на Косово, во една блиска средба ќе каже – "Ако некаде се случи сепарација и контра револуција тоа ќе биде во Косово".

На прашањето зарем сега кога максимални се правата на Албанците од политичка гледна точка, тој ќе одговори – "Да, затоа што еволуцијата на политичките права не е пропратена со економски развој, што сите ние сме сведоци, тоа се случи во 1981 година кога разликата меѓу нај развиената тогашна Југославија, Словенија и Косово, беше еден спрема десет".

На една иста или слична работа ќе Ви одговори еден познат политичар во Турција, на прашање, кога беше во посета на Македонија, не како премиер, тогаш како опозиционен лидер, на прашањето што е проблемот со курдите, тој ќе ви каже дека тој е проблем не е политички туку економски. Сите кои се занимаваат со оваа проблематика ќе ви кажат дека ваквите економски проблеми, не сразмерната распределба на материјалните добра, нееднаквост при вработување на разните групации, уште повеќе кога се има предвид дека оваа категорија и оваа групација зборува посебен јазик, има посебна култура и традиција, многу лесно можат да прераснат во политички проблем. Впрочем на овој или на оној начин ние признаваме дека работите нешто не ни одат.

На еден спонтан разговор во Собранието, зошто во последно време ни една странска делегација, кој обично ги носиме на прошетки, бара да го гледа стариот дел од Скопје, зошто ни една странска делегација не излегува од другата страна на Вардар, да го види стариот дел од Скопје, ќе ви одговорат дека таму веќе нешто не е во ред.

Дали ние и понатаму ќе дозволуваме да имаме добри и убави квартови и лоши каде што веќе не смееме и нашите гости да ги однесеме.

На таквите прашања еден познат теоретичар, французин - ќе ви каже, ако на време не интервенирате на такви ситуации, ќе дојде времето кога со сила ќе морате да ги браните убавите квартови.

Значи целта ми е да апелирам да се отвори јавна расправа, првенствено од кај нас како нај одговорни за политичките збиднувања, а понатаму да се вклучат и научните институции, да се вклучи и јавното информирање и сите тие кои можат да придонесат да се направи стратегија за подобрување на овие параметри кои денеска се реалност.

Јас не правам напори ниту сакам да навлегувам во причините кои доведоа до ваква ситуација. Јас само констатирам една ваква ситуација и предвидувам на можни лоши последици, ако продолжиме и понатаму така и да не им застанеме на пат на овие работи. Јас овде ќе ви цитирам од расправата што се водела во американскиот Конгрес за и против ваквите позитивни дискриминации кои и кај нас се познати како позитивни дискриминации, односно можност плус да се подобри ситуацијата, ќе ви ги цитирам нивните кажувања зошто се тие за.

Да речеме аргумент за афирмативните акти се заслужна компензација за минатата неправда. Афирмативните акти се потребни да се бориме ефектите од минатата дискриминација да се надминат, афирмативните акти се уставен начин да се промовираат еднаквите можности за вработување. Мнозинството историски добива подобри можности за вработување, да им се даде некоја моментална предност, план за вработување на малцинствата е фер. Тоа кажува зошто тие се борат за ваков начин на подобрување на ситуацијата.

Кои би биле ефектите, исто така цитирам од расправата на Конгресот на Америка.

"Афирмативните акти отвараат работни можности за малцинствата.

Афирмативните акти помагаат да се искоренат етничките стереотипи.

Афирмативните акти произведуваат личности на кои можеме да се угледаме како успеале, ако им се дава еднаква можност и афирмативните акти го поттикнуваат развојот на способноста и квалитетот".

Јас намерно цитирав други за да не испадне дека тоа е мислење на еден пратеник Албанец. Само сакав да ви кажам како автентично размислуваат другите по демократски општества, кои сакаат да се соочат со овој проблем. Има илјада и еден пример кој ќе ни укаже кои се други последици и кои се други негативности

можат да ги произведуваат ваквите очигледни разлики. Дури ако навлегуваме и во мотивацијата како наука, како некој ги третираат, тие ќе ви кажат. Во најнискиот дел на пирамидата на мотивацијата се физиолошките потреби, храната јадењето, после доаѓаат високите цели: институции, држава, суверенитет и т.н. Ако ние не им обезбедиме тие граѓани да имаат можност за егзистенција, не можеме од нив да очекуваме повисоки цели од типот на суверенитет, лојалност кон институциите и слично.

Уште еднаш апелирам кај пратениците, кои во целата јавност, конечно да ја сфатиме сериозноста на проблемот кој порано или подоцна може да ни ескалира во тежок политички проблем, да му застанеме на пат со сите сили, политички и економски за да дефинитивно почнеме постепено во еден реален догледен период и да го решиме, ако не да го елиминираме до крај.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на г-динот Ризван Сулејмани.

Има збор г-динот Абдулади Вејсели.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници.

Го слушавме со внимание предлагачот на оваа предлог декларација иако предлагачот сакаше да предложи закон во ова Собрание, меѓутоа дојде до заклучок дека треба да предложи Предлог декларација за еднаквост при вработувањето на припадниците на националностите, поради тоа што по расправата во ова Собрание треба да се создаде една позитивна политичка клима, амбиент кој ќе биде прифатлив за сите, прво прифатлив за сите нас тука во Собранието како претставници на гласачите, без разлика на која пратеничка група и припаѓаме, на која политичка партија, на која националност и т.н. Затоа ние тука сме нај одговорни за да создаваме услови за да се подигне и свеста на граѓаните на РМ дека сите граѓани на РМ се рамноправни пред Уставот и законите и такви треба да бидат па можеме да кажеме дека нашите залагања декларативно се да бидеме еднакви без разлика на националната, верската, политичката и партиската припадност во РМ.

Бидејќи сите граѓани пред Уставот и законите се рамноправни, без разлика на нивната национална, верска, политичка и партиска припадност, затоа со оваа предлог резолуција се предлага, сите граѓани на РМ да имаат исти услови или шанси за вработување во јавната администрација, јавните претпријатија, во локалните единици, а да учествуваат односно да бидат рамноправни и во приватните претпријатија. Не дека ќе се обврзува еден директор или газда, за да може да има мешана национална структура на вработени во тоа претпријатие. Тоа може на друг начин да се регулира, употребувајќи ги сите инструменти и механизми кај сите тие мали, големи или средни трговски друштва, каде раководат припадниците од државата, државата да има предвид на сите тие друштва да им се дава кредити рамноправно. Значи и тука во економскиот дел, во развојната во кредитната политика треба да бидат рамноправни.

Досега во РМ, слободно можеме да констатираме дека националностите не се соодветно застапени, а посебно кога зборуваме за делот на државната администрација, јавните претпријатија, локалните единици и т.н. Јас само би земал еден пример. На пример јас секогаш сум истакнувал и денес ќе го истакнам пред ова Собрание и пред јавноста. Еве на пример да го земеме Клиничкиот ценат во Скопје. Можеме докторите Албанци и другите припадници на националностите да ги наброиме на прсти. Зошто е дојдено до тоа? Дојдено е затоа што ние како пратеницине сме создале таков амбиент, такви услови за да ги задолжиме сите институции во државата да имаат предвид при вработувањето нови вработени, да ја имаат предвид и застапеноста на националностите. Или да јаземеме и МРТВ и сите други јавни претпријатија кои работат во РМ. Има низа примери кои треба да ги истакнеме, кои сме ги истакнувале и до сега. Јас само земав два примери каде можеме да констатираме дека не се соодветно застапени националностите во државните органи.

Понатаму јас мислам дека сите граѓани на РМ, без разлика на нивната припадност, дале придонес и својот придонес го насочиле во тој правец сите да бидеме рамноправни пред законите овде во РМ. Јас тука можам да истакнам дека на крајот на краиштата ние имаме и консензус за некои работи на РМ, како што се плурализмот, демократијата, владеењето на правото.

Јас и ден денес не гледам дека имаме консензус за потполна национална и граѓанска рамноправност во сите сфери на животот, било тоа во политиката, во

економијата, во здравството, во културата, образованието и т.н.

Затоа целта на оваа Предлог декларација е да се створи еден амбиент, да се створат услови за да можеме ние да бидеме пример за да ги задолжиме Владата и другите институции во државата да и понатака размислуваат, можеби тоа нема да биде одеднаш, него чекор по чекор да националностите бидат застапени во сите органи на управата и во јавните претпријатија во Република Македонија.

Јас мислам дека тука и според работите во комисиите, гледам дека мнозинството на пратеничките групи, ја поддржуваат оваа Предлог - декларација.

Мислам дека и тука во Собранието без ниеден глас против, барем е тоа мојот апел, сите ние пратеници да ја поддржиме оваа Предлог - декларација, за понатаму Владата на РМ да ја има предвид оваа Предлог - декларација, за да може да предложи пред ова Собрание и закон со кој ќе се решаваат овие проблеми или барем сите граѓани на РМ, да се чувствуваат рамноправни во сопствената држава. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Абдулади Вејсели.

Има збор пратеничката Марковска Ѓулистана.

**МАРКОВСКА ЃУЛИСТАНА:**

Почитуван потретседателе, дами и г-да пратеници, денес на разгледување имаме една Предлог декларација за еднаквост при вработувањето на припадниците на националностите.

Уште во старт ќе кажам дека за мене ваквиот предлог таков каков што е, воопшто не претставува проблем за прифаќање, од причина што ги истакнува позитивните начела и се она што го има дефакто нашиот Устав регулирани и сите законски проекти. Освен што, лично ми смета да биде издвоено и разгледувано посебно прашањето на вработувањето на цел еден колективитет, овде беше истакнато албанскиот колективитет и беше речено дека се однесува и на другите националности кои живеат во РМ.

Од причина што, рековме, дека Македонија претставува и со самиот Устав граѓанска држава, во која што правата и слободите на сите граѓани се еднакви, без посебна мајоризација и миноризација на поедини националности, кои што живеат на наша територија. Меѓутоа, не ми смета и вака како што е предложена да ја прифатам, од причина што и во дел од забелешките што ги имавме како делегација и воедно како Собрание од Советот на Европа, беше присутна заложбата за поголемо вработување на членовите односно на припадниците на националностите во јавната сфера, односно во сферата на органите на управата. Лично мене ми смета и не знам како тоа би било операционализирано на еден приватен наредбодавец, а грото кај нас се такви, му речете на некого да го вработи тој и тој само заради тоа што има епитет пред својот назив, име, презиме и квалификација, се работи за Албанец, Турчин, Ром, Влав или било што друго.

Така што, сметам дека во сферата на реализацијата овој документ, веројатно, ќе има многу ниски поени и не можете никому тоа да му го кажете, и покрај тоа што кај мене постои друга резерва. ПДП партиципираше долго години активно во власта. Зошто самата декларација не ја предложи, не се потруди дефакто да ја операционализира во времето кога беше на власт. Туку, тоа го прави сега. Веројатно, нека не ми биде замерено, бидејќи не го кажувам никако односно со никаква лоша позадина, тоа го прави од причина на некое маркетиншко оживување на партијата, на партија која што еве има проблеми организациони и некои други и сигурно не е лошо, можеби тоа е еден од начините партијата да се наметне како таква, меѓутоа, сепак да ја разгледаме декларацијата.

Внимателно го сослушав уводниот излагач, кој што зборуваше за позитивните ефекти што ги нуди оваа декларација и јас се согласувам во добар дел со него. Меѓутоа во еден дел каде што ги спомнуваше говорите пригодни, по повод посетата на одредени странски делегации, каде што рекол дека економската сфера е единствената сфера во која што може да има проблеми, јас би рекла дека економската сфера не е само проблем на Албанците. Кај нас проблемот на вработувањето е клучен проблем на целата популација. Ако ние имаме добра вработеност, особено на работоспособната популација во РМ, верувајте и добар дел од сите проблеми што излегуваа како политички, комплетно ќе изостанат и ќе немаме добар дел на проблеми, бидејќи на една популација која што е аполитична во Македонија, воопшто нема да и е важно која гарнитура на власт е, со која проблематика ќе се занимава, туку едноставно ќе

разгледува дали е вработена, дали се почитуваат стандардите кои што треба да важат при вработувањето, при процесот на технологијата на вработувањето, колкав личен доход прима, се друго ќе биде во сферата на неважното. Така што, ако со декларација ги решаваме проблемите веројатно ако донесе ова Собрание декларација за вработување особено еве да зборуваме за високо школската спрема на еден добар дел на популација, кој сметаме дека со тоа ќе го решиме проблемот, јас уште во старт ќе се изјаснам сите да донесеме декларација за вработеност на сите, не само на колективитетот на Албанците.

Она што овде мене не ми се допадна што беше речено, ако тоа не се направи мислам, тоа ќе се направи со сила. Јас се обидувам да парафразирам, можеби не беше тоа, а конотацијата на уводничарот, меѓутоа, знаете со сила не се решава ништо. Со сила има само војни и после војна повторно може тие кои што го почнале проблемот со сила да седнат и на маса да ги договорат проблемите, како впрочем имавме и многу војни во нашето опкружување. Така што, не ми се допадна тоа дека ако не се решава економскиот проблем со добро, ќе мора да се реши со сила. Особено не ми се допадна делот во кој што се вели, голем дел на наши политичари посетуваат стариот дел на Скопје, па велите имате лоши квартови. Знаете, лоши квартови има во Скопје, но лоши квартови има и низ цела Македонија. Така, голем број од луѓето кои што се заинтересирани за меѓу етничките односи во Македонија ги водиме во западниот дел, како што концентрирано се застапени припадниците на албанската националност, кои што имаат можност да се сретнат со добар дел на одлично изградени куќи со добра инфраструктурна мрежа, а за жал не ги носиме во источниот дел на Македонија, за кој што ќе помислат дека се работи за запустени села, затоа што тоа се куќи направени од ќерпич, меѓутоа, во кој што се уште живее работоспособно население и кој што ете, дури и влијае на подобрување на тие меѓуетнички односи, затоа што никогаш на ништо не се пожалиле, а добар дел дури од инфраструктурните проблеми во источна Македонија не е решен. Тоа беше генерално во врска со ова што беше истакнато како и на кој начин гледаме на работите.

Еден проблем особено повеќе пати сакам да го истакна, меѓутоа немав можност, а тоа и уводничарот го истакна. Рече дека бројката на Албанци кои се пријавуваат во бирото за пријавување е вештачки помала, заради тоа што добар дел од жените Албанки, се непријавени. Тоа е факт.

Меѓутоа, мене ме изненадува зошто тој факт не се разгледува проблемски и не е составен дел на оваа декларација. Ми се чини дека ќе беше многу подобар поведов ако овде стоеше дека прво и основно ќе се популаризира жената Албанка и во процесот на едукација и во процесот на вработување. Меѓутоа, не можеме да очекуваме ако овде меѓу нас немаме ниту една жена која што е парламентарец, а која што е од албанската националност. Ако немаме ниту една жена, ниту еден член каде ќе се истакне таа улога на жената Албанка. И, ако немаме основно, оние што бараат како право, нели за правата не зборуваме лимитирано правото произлегува веројатно од барањето произлегува од барањето на оној што го бара од, не од господа дадено, реков веќе на минатата седница, но зошто никој овде не спомна правото на жената Албанка да се едуцира и правото на жената Албанка да биде вработена.

Голем дел од сите нас, кои што на нас ни е полна устата со демократија, никој не го поставува прашањето зошто основното право на таа жена не и го дадеме прво ние, како луѓе во семејството, со тоа што ја ограничуваме во добар дел да не работи, а потоа и во општествениот живот. Ми се чини дека не можеме да бидеме демократи во вистинска смисла на зборот ако зборуваме и со прст покажуваме само кон другите, а не ако тоа е основно човечко право не го обезбедиме во сопствениот дом. Бидејќи јас не сакам да зборувам за наталитетот, тоа е природно човеково право колку ќе раѓа и како ќе раѓа. Меѓутоа, секоја една еманципирана жена, верувајте, ако се справи со проблемите што ги носи семејството, домот што ги носи се она што произлегува од еден општествен живот, никогаш не може да роди повеќе од две до три деца. Тогаш проблемот на демографска експлозија, што дефакто е присутен во поедини наши региони, апсолутно нема да биде присутен. Оваа декларација, навистина со многу поголем елан ќе ја поздравам, ако тој посебен член го имаше од страна на уводничарот и од предлагачот во смисла на поголема еманципација на жената Албанка.

Инаку, се ова што е овде истакната за мене воопшто реков не претставува проблем, освен што нејзината вистинска реализација, особено во сферата во приватниот бизнис, а тоа е секаде присутен, а како колективитет некому да му наложите него да го вработи, е многу тешко. А,

останува дека државата е должна во рамките на застапеност на сите оние што се во рамките на нивните квалификации, пред се, да обезбеди порамномерна вработеност на сите припадници на националноста во органите на управата, во јавните претпријатија, во единиците во локалната самоуправа и тој проблем дефакто постои, никој не може да каже дека не постои, затоа што бројките сами за себе говорат. Меѓутоа, постои еден друг дел. Постои еден дел на прикриела невработеност, тој не е само кај Албанците тоа е проблем кој што е застапен кај целата популација на невработеност. Вие имате добар дел на луѓе кои што се бават со приватен бизнис. Добар дел на луѓе кои што се бават со трговија, со земјоделие, кои што дефакто се пријавуваат како невработени, а кои што имаат сосема пристојна заработувачка за живот. Јас реков ова не се однесува на Албанците, да не бидам погрешно интерпретирана, ова се однесува за целата популација. Проблем е на нашата институција Завод за вработување, на Заводот за статистика, конечно проблем е на државата како таа прикриена невработеност да ја прикаже, за да навистина бројот на вработените и на невработените конечно да се сведе на она што сакаме да го дознаеме и да видиме со каков проблем се соочуваме. Дали е тој дефакто толку голем колку што е. Зашто, ако е таков како што се прикажува низ бројките, а нели статистиката е една наука која што ако веруваме слепо на бројките можеме да залутаме некаде, тогаш тој проблем е и многу голем. Меѓутоа, вие гледате, сепак, луѓето и покрај економските тешкотии со кои што се соочува оваа држава и ќе живеат толку лошо, дури и имаше луѓе кои што одредени медиуми, не мислам на електронските, мислам на печатените, презентираа луѓе кои што имаат куќи палати, а кои што примаат социјална помош. Тоа се однесува дефакто на тие луѓе и јас немам ништо против нив. Напротив, нека живеат и со самото тоа што се побогати придонесуваат за себе, ќе придонесат и за државата. Но, јас не верувам дека тој проблем е толку горлив, како што овде е прикажан од аспект на бројките.

Генерално реков дека ќе ја прифатам декларацијата. Нејзината реализација веројатно не зависи од ова Собрание, ќе биде присутна само како декларативен елемент, додека во сферата на јавните институции ова Собрание има таква заложба тоа да го спроведе. Мислам дека и претставниците на ДПА со тоа ќе се согласат, тие се партиципиенти во власта. Еден добар дел од тие што беа невработени се имплементира и веќе е вработен во органите на управата. Сигурно, тој број ниту е конечен, ниту задоволителен. Меѓутоа, дека во таа сфера веќе се прават напори, мислам дека е видливо. Благодарам.

**ИЉАЗ ХАЛИМИ:**

И благодарам на пратеничката Марковска Ѓулистана.

Има збор г-динот пратеник Азис Положани.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Почитуван потпретседателе, г-да пратеници, ценети гости, веднаш на почетокот да кажам дека навистина г-динот Сулејмани не наведе на една интересна тема каде би можеле со различни пристапи и од разни аспекти денеска да поразговараме за некои проблеми што не ретко, мислам не баш често, имаме и прилика. Затоа што вработувањето од било кој аспект да го фатиш, било од национален аспект било од граѓански аспект, било од мнозински, малцински аспект, како сакате, тоа е проблем, кој што навистина при секој момент предизвикува различни размислувања, се со цел и на овој начин да се придонесе да се побрза или да се подобри состојбата со вработувањето односно со невработувањето.

Од тој аспект, прво, јас го поздравувам г-динот Сулејмани и му честитам за неговата навистина изврсна работа, што успеал барем да ни ги изнесе овде, освен насоките и неговите размислувања во тек би требало да оди оваа работа, со својата работа тој имал потреба да се консултира со литература и со разни институции, па ете денеска имавте прилика, пред се, да слушнеме за тие божем грандиозни вработувања, големи не правни од страна на некого спрема страна на друг поради некои политички, вработувања, па сега се гледа дека ниту вработувањата се големи, ниту тие се толку големи да предизвикуваат такво вознемирување и во јавноста и во медиумите, туку од овој аспект мислам дека оваа декларација, барем првиот дел, ја има постигнато својата цел, со самото, да не кажам, но сепак еден таков скоро научен пристап кон таа проблематика, што ќе ни служи на институциите и на самите за некои проблеми малку пореално да размислуваме во иднина. Но, иако е така јас можам да кажам за моето размислување дека во некои работи и во пристапот кон решавањето на овој проблем, јас имам и мое размислување, што преку оваа дискусија би сакал и да го искажам. Затоа што уште од

почеток да кажам дека целта да се постигне оваа работа, можеби би била по адекватна кога би рекле дека таа декларација би била во правец не само на рамноправно вработување на националностите, туку во правец на позитивната дискриминација, со цел пропорционално оформување на институциите сообразно со демократската структура како политички по целисходна, а демографски и развојно по позитивна. Кога би било така, а многу земји можеби и слични на нашата се прифатиле кон една таква политичка позитивна дискриминација во вработувањето, поради тоа што, што побрзо да се дојде до таква една состојба, која ќе биде елементарна претпоставка за еден демократски развој на целото општество. Па така и поради тоа јас принципиелно, поради тоа што разговаравме пред два три дена, што ќе имаме прилика и во вторник да продолжиме за декларацијата или конвенцијата што беше со Албанија, каде што се во таков контекст, можеби делови и од оваа декларација добронамерно ако се изанализираат, можеби кај мене, сепак, предизвикува едно поинакво размислување, што сепак проблемот се сведува, го сметам како позитивен, уште еднаш повторувам, но за мене е и дискутабилно, поради тоа што се поставува проблемот на вработувањето на националностите, а јас велам на Албанците на малцински контекст.

Значи, контекст кој мислам дека досега само ги комплицираше работите, само ги отежнуваше работите, а помалку дејствуваше во правец на нивно праведно, базично решавање.

Тоа се покажа како недоволен пристап поради тесното грло за афирмација на едно големо малцинство во услови на мало мнозинство така да го наречам, односно посреќен би бил кога би го употребил зборот мултинационално општество или мултикултурно општество, така како што не нарекуваат сите кои доаѓале, овде доаѓаат и страни државјани, наши гости и пријатели и ние така им велиме дека сме такви, па затоа го заслужуваме нивното влијание и нивната поддршка. Јас мислам дека и овој проблем би можел да се решава од аспект на тоа што го кажуваме и ние, јас ќе го повторам тоа што го реков пред три дена, тоа што е веќе реално да се преточи во норма во Уставот каде би било можно решавање на друг принцип и на ова, па и на другите прашања.

Секое решение како што беше, да повторам, со тој Предлог - закон, се извинувам тоа не е денеска на дневен ред таа конвенција, туку секое решение со таков пристап, па и со елементи како што е денеска предложено би се обиделе низ овој контекст тоа значи малцинскиот концепт и за Албанците, во суштина не би ги решил проблемите, туку напротив ќе ги влоши. Во најмала рака овие права ќе останат да висат и ќе бидат предмет на пазарење, т.е. ќе зависат од коњуктурите, од нечија волја и слично.

Се додека е така политичките партии во многу нешта ќе личат на биро за вработување, а се помалку во функција на двигатели на општествените процеси, во функција на авансирање и афирмирање на правата и интересите како на колективитетите, така и на граѓаните. Додека не стане така, се додека не се нормира во Уставот потполната рамноправност на колективитетите, т.е. на Македонците и Албанците, мислам дека е малку за очекување во битката за демократија во нашата држава да се зафатиме сите подеднакво, а без да се зафатиме сите во борбата за демократија и демократските институции не е тешко да се заклучи дека и самата цел нема да се постигне. Демократијата ќе заостане за сите, па затоа мислам дека никој не треба да биде среќен, затоа што кога би ги заокружиле овие демократски процеси, а ве уверувам нема шанси сериозно ни да започнат се додека не се најдеме во исти рамноправни позиции по Уставот што се докажа и се докажува како главна кочница, односно недоволна рамка за решавање на веќе познатите наши отворени проблеми. Кога би било така едно целосно заокружување што, за жал, не е случај сега, јас ќе бев принуден со уште поголема сигурност да поддржам некоја друга декларација, која би била во функција на заштита на основното човеково право за не дискриминираност при вработување поради идеолошка основа, т.е. поради партиска основа. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Азис Положани.

Има збор господинот пратеник Илјаз Сабриу.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници.

Мислам дека Предлогот на декларацијата за еднаквост при вработувањето на припадниците на националностите предложен од пратеникот Ризван Сулејмани очекував дека ќе предизвика дискусија и со право се очекува

таква дискусија, бидејќи задира во едно многу чувствително прашање, а тоа е проблемот на подобрување на националната структура на вработените, односно и на сегашните невработени во органите на државата и во вкупните општествено - економски структури.

Мислам дека мора да бидам реален дека сум скептик и јас ќе ја поддржам оваа декларација, но мислам дека нема многу да придонесе кон решавање и остварување на целта која е добронамерна од господинот Сулејмани, бидејќи ова прашање отвара многу комплексно прашање, кое може да се реши со комплексни анализи и огромни предлог - мерки за надминување на оваа негативна појава во Република Македонија. Впрочем, ова може да се реши само со економски мерки, тогаш веројатно тие економски мерки преку инвестиции, преку нови вработувања, преку отворање нови работни места можат и националностите, односно Албанците иако во декларацијата никаде не се спомнува албанската националност, туку вкупно националностите. Мислам дека вака само со една декларација тешко ќе можеме нешто да направиме за она за што се залагаме и пратеникот предлагач, а и ние дискутантите, а веројатно и Собранието.

Второ, оваа Предлог - декларација за еднаквост при вработување на националностите, не знам како да кажам, но по мене е дискриминаторска, бидејќи ги става во ист кош само националностите, не се споредува со народот. Тука никаде не се спомнува дека рамноправноста на националностите со кого? Меѓу себе. Бидејќи некои националности, кажа господинот Сулејмани, посебно Власите, Србите, сразмерно на процентот на присуството во Република Македонија и процентот на активното население од таа популација, се повеќе застапени и вработени во државата Македонија, за разлика од други националности, тука се албанската, турската, ромската, а за Македонците како народ, кои во Македонија се исто така несразмерно, би кажал позитивно, бидејќи од вкупното активно население Македонците учествуваат со 72,8%, а во вкупниот број на вработени учествуваат со 84,5%.

Значи, некаде 12 и нешто проценти се повеќе застапени, односно вработени, отколку се како активно население тој процент. Тие параметри претпазливо треба да ги анализираме, бидејќи не можеме, оваа декларација се однесува само на националноста, бидејќи ова не носи на сегрегација, јас така ја разбирам, бидејќи само националностите се цел на обработка и Предлог - мерки за едно вакво решение. Националностите колку и да сакаат да направат декларации, до колку немаат простор каде да се вработат, ништо не можеме да придонесеме кон зголемувањето на процентот и зголемување на бројот на вработените на Албанците или на другите националности.

Затоа мислам дека една економска неправда, би рекол, која е со децении присутна и во Македонија, впрочем и од бившиот систем, не може така брзо да се надмине со едни вакви декларации. Сигурно има периоди и овој период е еден од таквите кога има политичка желба да се реши позитивно. Но, ние како Парламент, бидејќи е декларација не е закон можеме да донесеме само декларација која ќе биде задолжителна за органите на управата, за буџетските корисници, за Владата, за Собранието. Впрочем, таква политика се води во последната деценија и во Македонија да се подобри тој процент почнавме некаде со 5-6%, сега сме некаде 9% и покрај тоа што нема точни податоци во Македонија за националната припадност во вработувањето, односно на вработените во Македонија со исклучок на некои органи, односно на министерствата каде малку се вработуваат, мал е тој број. Ние носиме закони за намалување на администрацијата, требаше да предвидиме таму во тој закон исклучок, дека тие одредби треба да важат за припадниците на националностите, бидејќи процентуално тие се малку застапени доколку и понатаму важат тие рестриктивни мерки, тогаш и ние на некој начин индиректно придонесуваме кон намалување на тие проценти, а се залагаме за позитивно решавање на овој проблем.

Затоа мислам, ќе ја поддржам оваа декларација, но ќе беше добро, кажа и претходниот дискутант, по мене тука треба да има елементи на позитивна дискриминација, тие се присутни секаде во светот, познати се и на економската наука и на политичките доктрини во светот тие држави кои сакаат да подобрат некоја ситуација која е лоша, а констатираме дека е лоша, тогаш треба да предложиме мерки и активности законски кои би биле задолжителни за подобрување, односно за пропорционално застапување на националностите во областа на вработувањето, почнувајќи од органите на управата до крај до приватниот сектор каде мислам во ова време е многу тешко да командуваме, бидејќи сега се судираме со

еден економски крупен проблем, ние отидовме во приватизација каде приватниот капитал многу не води сметка за националната застапеност. Тогаш Албанците не беа присутни во тие општествени претпријатија, капиталот се трансформира, Албанците и од тој аспект останаа надвор од процесот на приватизацијата, односно се надвор од стопанството. Сега не знам со какви мерки треба да предложиме за да на некој начин тоа го подобриме, така што мислам дека е доста сложен проблемот, тежок кој треба овој Парламент со право да расправа. Јас очекувам дека од оваа декларација во наредниот период ќе произлезат законски решенија, со тенденција на позитивна дискриминација за пропорционална застапеност на националностите во органите на управата или во вкупниот општествено - економски живот во Република Македонија.

Овде можеме да дискутираме којзнае колку за денешната ситуација, но како ни е во практиката. И ден денеска имаме чисто етнички организации, кои на некој начин на директен или индиректен начин се фирми од јавен, државен интерес. Таму многу тешко се влегува, многу тешко можат да се вработуваат припадници на националностите и покрај тоа точно е во законите никаде нема дискриминација, никаде не пишува дека предност имаат Македонците, Власите, Србите или Албанците.

Ние сакаме да ја подобриме таа ситуација, треба да предложиме мерки за позитивна дискриминација на овие националности, за да можеме на некој начин да ги вклучиме во тие органи, во тие организации, во тие претпријатија каде не се присутни од оваа популација. Очекувам во наредниот период и надлежните органи Владата, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за правда кога е во прашање државната администрација, корисниците на Буџетот и не корисниците на Буџетот, кои се финансираат од фондовите да предложат конкретни мерки за подобрување и зголемување на бројот на вработените во овие органи, во овие институции.

Инаку, реков намерата е добра, но не знам колку ќе има придонес и колку ќе придонесеме со една ваква декларација за она за што сакаме, односно што беше целта на предлагачот. Затоа би се заложил, по можност, би предложил насловот да биде изменет на оваа Предлог - декларација не за еднаквост, ние никаде немаме нееднаквост при вработувањето, сите законски решенија се еднакви за сите граѓани, тоа е уставно право, но во праксата нешто не чини, не е така. Затоа по мене треба да стои Предлог на декларација за пропорционална застапеност на националностите во Република Македонија.

Тогаш мислам дека тоа е гаранција дека можеме да очекуваме во блиска иднина некое подобрување или позитивни тенденции. Свесни дека тоа не може да се реши за една година, за еден мандат, но треба да правиме напори за подобрување на таа национална структура на вработените во државата, во стопанството и во вкупниот општествено - економски живот на Македонија.

Тука беа изнесени и други работи, не би сакал да реплицирам, реков на почетокот дека прашањето е многу широко како и оваа тема за докторска дисертација, за магистратура, за симпозиуми каде еминентни научни стручњаци би дискутирале за ова или донеле конкретни заклучоци, но беше истакнато дека жената Албанка не се пријавува. Точно е дека не се пријавува. Не е пријавена. Да се пријавуваат сите жени, па не само жени туку и мажите Албанци да се пријавуваат во Заводот за вработување. Порано имавме една одлука кога задолжително ги натеравме за да користат социјална помош, мора да бидат пријавени во Заводот за вработување и дојде до зголемување на бројот на невработените во државата, но по извесно време таа одлука се измени и се исфрли тој критериум, така што не е задолжително да се пријави.

Целта беше сите да се пријават во Заводот за вработување и тоа би било едно македонско чудо од економски аспект, бидејќи ќе се зголеми бројот на невработените за 500 илјади, а сега ги има околу 300 илјади и бројот ќе се зголеми за 30 до 40%. Бидејќи и мажите не само жените не се пријавуваат, тој има еден декар земја или пола хектар земја и се бори таму на село и работи. Доколку дојде да користи некое право, тогаш може да оди да се пријави и тогаш ќе се види реалната бројка што е многу тешко да се добие, колку е точниот број на невработени по национален состав, но состојбите се тие. Колку и да се браниме и кажеме состојбите се такви со децении и за жал, со некои позитивни тенденции во последната декада продолжува и во наредниот период. Мораме да правиме напори тие негативни тенденции да се стопираат и да почнат позитивни движења во оваа област.

Би завршил дека такви резултати можеме да очекуваме само доколку имаме една здрава економска основа, имаме нови инвестиции, нови вработувања, не со еден - два, со акции во министерствата, со именувања или назначувања, туку со прием на огромен број нови работници, нова работна сила во тие нови броеви треба да има една шаренолика структура на тие ново вработени, како што е составот на населението во Република Македонија. Тогаш ќе придонесеме и она за што се залагаше госпоѓата Марковска за еманципација на жената Албанка и на другите националности, Ромки, Турчинки, но тоа е врзано со образованието, тука не отвораме паралелки во Битола, не даваме Универзитет во Тетово, тука сме против школувањето, тоа ни пречи, тоа е еден комплексен проблем кој е многу поврзан меѓу себе. Затоа е социо - економски проблем кој е присутен во Република Македонија, парцијално не можеме да го решиме, треба една глобална анализа, глобално да ги решиме проблемите за да сами придонесеме за вработување и на таа жена, потоа се поврзува со зголемениот број на наталитет дека е многу висок кај Албанците и другите националности, затоа што таа е невработена, не е школувана, не е еманципирана, тоа значи некои работи наопаку ги тераме и кога се работи за нешто друго тогаш стопираме, а кога доаѓа економскиот и социјалниот аспект, тогаш тоа не боли, навистина боли, но мораме да ги решиме тие проблеми. Тоа се решава по овој пат на кој јас укажував, со економски мерки и со долгорочни инвестициони фондови во Република Македонија ќе можеме да ги заокружиме сите овие проблеми, кои се денеска отворени во Република Македонија.

Се надевам дека во наредниот период и ова Собрание и наредните структури во државата ќе чинат напори за подобрување на вака катастрофална и лоша слика на вработените во државата Македонија, со надеж дека еден ден веројатно ќе сфатиме дека работите ќе треба да ги решаваме по ред на нештата, а не наопаку. Ако сакаме наопаку да ги решаваме вака ќе имаме проблеми, но треба со ред, со популациона политика, со школување на децата од основно, средно, високо, со еманципација, со нивно вработување, тогаш ќе го намалиме и наталитетот и да ја подобриме вкупната структура, културна, еманципована и понатаму на ниво на државата.

Инаку, вака ќе се расправаме меѓу себе и не знам каде ќе ни биде крајот. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Илјаз Сабриу.

Збор има господинот пратеник Аслан Селмани.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, предложената декларација е мошне интересна, широка, исто така има одредени параметри за кои Владата и Парламентот треба да дискутираат во однос на тие проблеми, затоа што тие со години и со децении се провлекуваат во нашата држава.

Треба да сфатиме и една работа дека сите овие процеси кои се јавуваат во државите во транзиција, а сме во транзиција 50-тина години, можеби повеќе, сметам дека навистина оваа платформа, односно оваа декларација треба да се прифати. Добар поттик е за понатаму државата односно, Владата да овозможи да се направи еден поширок проект од научна гледна точка да се согледуваат сите прашања кои задираат длабоко во проблемите околу процесот на вработување, затоа што доколку тие проблеми би се согледувале и од една научна и социолошка гледна точка, нај веројатно би дошле кон разрешување, односно кон проблемот на разрешување на соодветните проблеми. Доколку ние денес расправаме околу процесот на вработување, според сите сектори на стопанскиот развој на нашата држава и во општествените сектори, тогаш најверојатно ќе дојдеме до еден заклучок дека сите овие проблеми можат да се анализираат само преку факторската анализа. И сите оние факторски анализи што државата досега не успеала да ги направи, а треба да ги направи во вид на проект со цел да ги реализира во понатамошните периоди, сметам дека навистина тоа е еден мошне широк проблем.

Прв проблем се примарните дејности. За примарните дејности државата има проект. Тој проект е во фиоките веќе 10 години, не се аплицира во практичниот живот. И во тој однос нашата држава треба навистина да ги вложи сите напори да оди кон реализирање на односните правци на развој во примарните дејности.

Втора група на прашања и прашање кое треба да се дискутира пошироко веројатно во нашата Влада и во Парламентот се и секундарните дејности, што за жал денес и апсолутно не постојат, па потоа и терцијалните дејности. Во таа насока кога ќе се согледуваат сите тие параметри, тогаш ќе можеме да констатираме дека постои огромна разлика во процесот на вработување според националната припадност.

Демографските кохорти и демографскиот фертилитет, односно движење секако се разбира дека не можат да се решат преку законски акти, туку ќе мора оваа проекција предложена од колегата Сулејмани да се преточи во проект, односно во законски проект со цел тоа да се реализира. Исто така, сметам дека Владата е заради граѓанинот, а и Парламентот е заради граѓанинот, а не граѓанинот заради Владата или заради Парламентот.

Во таа насока сметам дека Владата има должност има задача овие проекти да ги реализира во практичниот живот и сето тоа е еден спектар на односи во општествените процеси во нашата земја.

Што се однесува, а кажаа и многу други дискутанти, дека одредени демографски движења, демографски кохорти, фекондитети и т.н., се во одредени гео простори различни, се разбира и мора да бидат различни, затоа што имаат и различни услови на живеење. Во таа насока еден автор Италијанец Ливи Баци во својата книга "Кондицио фекондите дела марема" укажува на фактори кои делуваат директно, односно непосредно, па и посредно кон реализирање на одредени процеси, кон процесот на вработување. Во таа насока сметам дека државата навистина треба да ги вложи сите свои напори кон тоа.

Што се однесува до самиот текст на декларацијата, исто така, се придружувам кон моите колеги дека во таа насока треба да се согледа и процесот на вработување во соодност на малцинствата, односно на националностите по одредени области. Тој соодност мора да се запази, затоа што процесот на вработување како таков мора да се почитува со сите параметри и со сите законски акти. Секако оваа декларација сметам дека треба да се прифати и Парламентот, односно Владата треба да се задолжи тоа да го преточи во конкретен закон, во конкретен проект за реализирање.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на г. пратеник Аслан Селмани.

За збор се јави г. пратеник Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата.

Прво, во името на пратеничката група, а и лично сакам да отфрлам некои од квалификациите што ги даде г-ѓа Марковска, во врска со Партијата за Демократски Просперитет и пратеничката група, организација, реорганизација и т.н., што мислам дека не е фер и не е добро од пратеник од друга политичка партија да се даваат такви квалификации.

Второ, пратеничката група на ПДП и понатаму своите квалитети ќе ги преточи во ова Собрание, со многу предлози и закони и декларации за да бидат дел од квалитетот на ова Собрание, затоа што знаеме зошто сме повикани и знаеме што е наша функција. И некој нека ги квалификува како сака, дали е тоа маркетинг или што е, меѓутоа едно е сигурно, а верувам дека ќе биде сигурно дека и после 50 години во ова Собрание ќе има и предлози и закони и декларации од пратеничката група, односно од пратениците на ПДП. Но, бидејќи тоа беше од една колешка, односно г-ѓа Марковска, ние сме тие што можеме и да простиме, не знам од што беше мотивирана, но не е добро така да се постапи.

Што се однесува до предлогот на г. Сулејмани и за мене е едно добро студирано и дури одличен вовед со многу примери и со многу факти. Фактите се од Република Македонија, а примерите се и од многу развиени демократски држави како што се САД, Канада и т.н, како што ги спомна г. Сулејмани. Мислам дека уште еднаш даваме можност, даваме прилика да се афирмира тоа што беше и наша определба како политичка партија и како пратеничка група, што повеќе во институциите, што повеќе одговорност, што повеќе во сето тоа што значи севкупен живот и градење на демократски институции, градење на тоа што значи стопанство во Република Македонија.

Мислам дека од оваа декларација треба да се исцрпи нај позитивното, желбата и мотивот на пратениците од ПДП на еден начин да бидат носители на сето тоа што значи напредок, што значи

демократија во Република Македонија и во овој сегмент што значи вработување. Ние мораме да бидеме свесни дека се работи за декларација.

Декларациите обично не обврзуваат. И со моите лични контакти со господинот Сулејмани уште кога имаше идеа, а некој спомна тука и кога се мислеше дека ќе се оди со закон нормиран за пропорционалност и еднаквост при вработување, ние одиме степен по степен со самиот факт и со самото наше оправдување да се создава политички амбиент, да се создава јавно мислење и да се подготви јавноста дека еден ден во блиска иднина треба како што е оваа декларација прво, да се констатира дека бројките, фактите, статистички и какви да се, покажуваат и докажуваат една голема разлика во тоа што значи вработување помеѓу националностите, односно помеѓу граѓаните со различна национална припадност. И кога веќе имаме такви факти, тогаш не знам дали добро звучи македонски, тоа не тера на едно меко размислување.

Прво, ние како луѓе пратеници, како луѓе одговорни и сите тие што водат различни институции па дури и претпријатија, ако фактите кажуваат дека со вработување и на националностите и со една динамика која создава добар политички амбиент се подобрува тој политички амбиент, за кој ни кажуваше примери г. Сулејмани, тогаш сите на еден начин од свој аспект, од свој сегмент да можеме да допринесуваме да се подобри состојбата што значи вработување. Ние знаеме дека ова е декларација.

Што се однесува до моделот и теркот како треба да изгледа една декларација, мислам дека тие услови ги исполнува, затоа што сето тоа што е вовед и тргнувајќи и размислувајќи и повикувајќи и афирмирајќи и укажувајќи значи се на еден начин мотиви, еден вовед кој ни дава можност за едно наше размислување и поддршка на една ваква декларација, со тоа што понатаму сите тие кои ќе бидат во функции или во функција да го подобрат, односно да ги подобрат овие разлики во проценти, на еден начин да имаат обврска, затоа што можеме ние да го илустрираме и со примери, човекот фактор во одредени моменти игра голема улога во самата институција. Можеме ние тоа да го илустрираме со многу примери. Имаме министер и министерство каде што тие проценти се подобруваат на еден начин за учеството на Албанците, односно учеството на националностите во тие институции, но имаме и министер и министерство што значи институција, или директор на одредено јавно претпријатие и многу други институции, што во овој сегмент апсолутно не се ангажирани, ниту со својата свест, ниту со својата совест да ја подобрат состојбата во тоа што значи пропорционалност, еднаквост, односно зголемување на процентот во вработувањето. Така што кога ги имаме во предвид сите овие факти, сите овие примери еве една добра шанса преку една декларација, значи да градиме едно позитивно јавно мислење за понатаму да се подобри состојбата. Затоа што јас и сега велам дека на еден начин во одредени сегменти се подобрува, меѓутоа имаме доста примери каде што апсолутно не е направен ниту еден чекор во тоа што значи застапеност при вработување, при учество во одредени институции и т.н.

И мислам дека оваа декларација јас очекувам како што помина и во една од меродавните комисии, Комисијата за меѓунационални односи, истата таму беше поддржана, а ќе биде веројатно поддржана и од мнозинството на пратениците во овој Парламент.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на г. пратеник Исмет Рамадани.

За збор се јави г. пратеник Аце Сајковски.

**АЦЕ САЈКОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, темата за која што расправаме денес е Декларацијата за еднаквост при вработувањето на припадниците на националностите, повеќе потсетува на академска тема која може да се постави во други прилики, како симпозиуми и слично. Меѓутоа, и самиот наслов потсетува на времето од минатиот век, со Француската буржуаска револуција за еднаквост или слично.

Меѓутоа, отворањето на ова прашање е многу суштествено и битно и во краен момент дојдено да се расправа. Проблемот е на невработеноста. Меѓутоа, поставувањето на прашањето за еднаквост на вработувањата на националностите, дојде во време кога предлагачот бил во прилика како што истакна и во претходните два мандата да биде поставено прашањето, кога условите биле многу по благопријатни, отколку што се денес. Имено, во времето на претходната Влада на коалицијата СДСМ, ПДП, тогаш се

уште имаше многу подобри услови за афирмирање на оваа проблематика. Во тој период се случија големите пропаѓања на претпријатијата, на фирмите кои се уште под необјаснети околности беа ставани под стечај, а пред ставањето на стечај претходеше една законска мерка кога претпријатијата се наоѓаа во негативна состојба, тие беа должни и обврзни да плаќаат камата врз камата. Тогаш во тој период пред 1990 година и 1991 година наваму, практично стопанството беше однапред осудено на неуспех и вработените беа оставени на улица, и затоа оваа проблематика и овој проблем е присутен и што бил наведен од колегата Ризван Сулејмани да го постави како прашање. Ако не се случеше тој пад на македонското стопанство во изминатите 6, 7, 8 години, немаше да дојде до оваа криза и прашањето немаше да биде вака поставено. Неодамна ги прашувавме луѓе што одеа на митинг, каде одите? Тие одговорија, одиме да им се изнавикаме на оние што не оставија на улица.

Меѓутоа, било што било, добар е поводот да се најде вистинското решение за овој проблем, а проблемот е обезбедување на работни места за граѓаните на Македонија. А тоа може да се направи и со наша помош на Парламентот, на пратениците, со обезбедување на взаемна акција и иницијативност без поаѓање на девалвирање на одредени средини и партии, бидејќи само на тој начин побрзо ќе излеземе од проблемот во кој се наоѓаме во однос на вработувањето. Сега постои прилика тој чекор да го направиме како никогаш досега.

Владата обезбедува низа можности, на располагање се разни донации, кредити и во тек се на изградба значајни објекти од инфраструктурата, можности за отварање на нови погони и слично.

Тоа мораме да го направиме, општествените претпријатија да станат државни, со цел да се спасат сите, да останат на работните места, а да се стимулира приватниот сектор, така што, во еден разумен период, се ќе беше законито, приватизирано и многу побрзо ќе одиме напред.

Меѓутоа, тоа што е изгубено, изгубено е, на овој начин мора да се бараат патишта, за обезбедување на што поголем број работни места. Условите Владата веќе ги обезбедува и на неа треба да и дадеме целосна поддршка, за што побрзо, без проблеми, да ги заврши започнатите процеси на реформата.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Аце Стојковски.

За збор се јави пратеникот Алириза Лога.

**АЛИРИЗА ЛОГА:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници.

Јас би сакал да се вклучам во расправата по овој предлог, за донесување на Декларација, за еднаквоста при вработувањето на припадниците на националностите, предложен од господинот Ризван Сулејмани, на некој начин да придонесам и да дадам свои согледувања или укажувања околу овој предлог.

Се разбира дека феноменот на невработување е еден горчлив проблем за сите нас, во име на целата држава. Тука се кршат и копјата секоја партија која би дошла на власт, се разбира дека уште на почетокот за што поголемо вработување на народот. А со тоа, се разбира, за зголемување на нивниот стандард. Се разбира, овој предлог е чувствителен, не само затоа што се однесува за националностите, туку и за сите, односно за секој граѓанин во Република Македонија.

Јас би тргнал од една максима, која што е позната кај нас, барем кај Албанците да го ослободи непријателот да не е без работа. Затоа што човек невработен, кој што нема гарантирана егзистенција на своето семејство, се разбира дека тој ќе биде вклопен или имплементиран во разни други недобри дела, дури и криминогени, од типот на шверцот, на криминалот и што ли не друго.

Затоа, имајќи го предвид овој предлог, се разбира, дека е добронамерен, меѓутоа, јас не сакам погрешно да ме сфати господинот Ризван Сулејмани, иако оваа иницијатива е покрената од него, кој е моментално во опозиционата страна, која се разбира, треба да биде по агилна, меѓутоа се прашувам дека во изминатите два мандата, каде што неговата партија и сопартијци биле во власта, многу малку направија во однос на вработувањето и подобрување на таа структура. На вработување на националностите. Што се однесува до јавните служби и администрацијата, во тој поглед, ценам дека ние, како владеачка коалиција во овој изминат период од година ипол дена, имаме видни резултати во тој поглед, каде е подобрена доста вработеноста на

националностите, во разни јавни институции и администрација, но не значи дека тоа задоволува и не значи дека ние до тука ќе застанеме. Ме чуди од една страна, што дел на опозицијата, а и доста политички схинокоби, од типот на Бомбај, петардата и други, кои што при вработување на оваа националност, мислам не само на албанската туку и на другите националности застапени во Македонија, во последно време од владеачката коалиција, одеднаш дневниот печат и електронските медиуми укажуваат дека ете, радикално се менува структурата на вработените во јавните служби и администрацијата, така што, се вработуваат во голем број Албанци и други од националностите, што воопшто не држи. Мислам дека во тој поглед има постигнато доста резултати, кои не треба да се потценуваат и останувам и понатаму да продолжиме со тоа, но не со вакви декларации, Парламентот често пати, се служи со вакви декларации, кои воопшто не држат, не даваат некоја комоција, до нивната имплементација и практичната примена во практиката, кои имаат повеќе маркетиншки ефект, отколку некоја практична примена.

Јас немам ништо против оваа декларација да се поддржи и јас ќе ја поддржам меѓутоа, да се нафатиме за она што во практиката значи, а се разбира, во денешно време, на пазарна економија, ние можеме да придонесеме, за вработеноста на припадниците на националностите, само во тие сфери, каде што се буџетски корисници, а тоа јавната администрација, а не и во другата сфера на стопанството, каде што се работи веќе за приватни институции, приватен капитал, кој што се знае кој како се вработува.

На крајот сакам да истакнам дека тоа што го реков на почетокот да има што поголем број на вработување, се разбира и од националностите тоа значи дека има интеграција во сите промени и процеси во нашето општество, со ангажираност на сите граѓани за да бидеме поблиску до сите други европски интеграции.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Алириза Лога.

За збор се јави господинот пратеник Ѓорѓи Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, со оваа точка над невен ред чинам дека во Македонија дојде до израз едно сознание. Дека навистина во Република Македонија има табу теми.

На една од наредните седници, јас го имам подготвено Законот за прекинување на бременоста, кој може да се уврсти во овој комплекс на декларации, закони и мерки во државата.

Токму заради тоа, мислам дека ние во Република Македонија, конечно во XXI век, без разлика на она што поминало, како поранешен систем, како рецидиви од тоа минато, треба да седнеме и да разговараме отворено, за полно прашања и проблеми што ги имаме во државата.

Веднаш сакам да подвлечам, јас би бил најсреќниот човек, а мислам и сите вие заедно со мене, бидејќи ја делиме заедничката судбина и заедничкиот живот во Република Македонија. Еве да се договориме да донесеме Декларација за вработување на сите во Република Македонија. Да донесеме декларација за еколошки чиста средина, да донесеме декларација за еманципација на жената. Да донесеме декларации, колку што сакате. Дали со декларативноста, всушност, ќе ги решаваме работите во државата. Знам дека ќе кажете дека со декларации не се решаваат проблемите. Меѓутоа, ако ние како сериозна држава имаме намера, во XXI век да се движиме некаде, ние мораме да си поставиме одредена цел, а таа цел ќе биде стратегија. Дали во вработувањето, дали во развојот на економијата, дали во развојот на земјоделието, дали во развојот на другите сегменти во државата, сеедно, ние мораме да имаме одредена стратегија и институциите на државата се задолжени за таа цел, затоа што се пратени да ја вршат таа функција, навистина треба да ни притекнат на припомош, не само на Собранието на Република Македонија, туку на Владата, на било која Влада во Република Македонија, за да знаеме каде треба да се движиме и која цел треба да ја оствариме. Инаку сите ние би биле слободни стрелци.

Поминаа девет години, ПДП беше во коалиција со СДСМ, не им текнало за девет години, дека треба да се донесе некоја декларација за вработување на националностите во Република Македонија. И наеднаш сега, заради тоа што не може ДПА да донесе таква декларација, ПДП доаѓа еве како спасител, носи декларација и го решава проблемот на еден зид во државата. Ако така се решаваат работите и така сериозно или не сериозно размислуваме како политичари, мислам дека сме го погрешиле патот. Насоките што ги даде уводничарот и подносителот на оваа

декларација, не сакам да ги спорам, бидејќи не можам да ги проверам и да кажам дека се релевантни, или не релевантни. Меѓутоа, оваа декларација, повторно ќе укажам вади на површина има повеќе табу теми. Таквото вработуваше на националностите, треба да биде врзано со комплекс на други едукативни мерки, со комплекс на други социјални мерки, со други закони, кои ќе ја регулираат областа на популацијата, односно популационата политика, на демографските движења поместување на населението во Република Македонија и сето тоа, повторно во контекст на национална стратегија за развој, каде што треба да се движиме, а основата на тој развој го прави човекот. Во средиштето е човекот и во средиштето, каде што се развива човекот кај семејството.

Значи, повторно треба да тргнеме од семејството. Семејството е основна клетка, во која мора да се движиме. Во семејството се создаваат првичните односи, првичните контакти и тука се создава културниот амбиент на човекот, за иднина каде треба да се движи и како треба да се однесува во државата.

Значи, имаме комплекс на многу проблеми, за што треба да се разрешува оваа тегобија во Република Македонија. Еве јас како илустрација, за да го разубедам уводничарот, дека не е во право за некои работи, ќе му укажам дека ние немаме точна евиденција, или точна бројка за тоа кои се вработени, не се вработени и дали еден првокласен службени со седум илјади денари плата, во едно јавно претпријатие има подобар стандард, од оној што има дваесет хектари земја, два комбајна трактор или има додатно, покрај земјоделската дејност и некоја друга дејност. И овој се чувствува социјално осигурен, од оној другиот што претходно го спомена. Или имаме, една цела категорија на националности на Република Македонија, која што воопшто, не претставува селско население.

Ве молам, направете разлика, значи, не е селско население, тоа е ромската националност. Тоа се типично граѓани на Република Македонија, во смисла на живеење на град. Сега, ако ги поставите во сооднос, оние што се од одредена националност, а имаат десет хектари земја, кажав и два комбајна, и т.н., се една категорија на луѓе, а овие другите, за кои зборувам, за Ромите, кои се типично градско население, немаат ништо. Тие одат на она што го пружа државата, во рамките на градот или во некои споредни дејности, што ги има во државата. Како ние ќе носиме декларација, за вработување на националностите. Ние уште во старт правиме дискриминација на луѓето. Јас реков мора да правиме разлика: селско население, со одредена база на имот на сопственост и луѓе кои воопшто ништо немаат од државата. Ние мораме, заради тие околности, да имаме различен начин за тие луѓе. Не можат да имаат исти третман.

Значи, овие податоци, јас се сомневам дека ни ја даваат правата слика и правата прилика за тоа каде се наоѓаме во таа состојба.

Дел од говорот, што го одржа Илјаз Сабриу, навистина ми се допаѓа и така треба да се резонира, меѓутоа, ако повторно ги враќаме клучовите, националните клучови, ако повторно ја враќаме пропорционалноста, а имаме пазарно стопанство. А, ние кажавме со Уставот на Република Македонија дека сопственоста се гарантира и ние одиме целосно во приватизација, во приватна сопственост, која е доминантна, не ќе можеме, докрај некои работи, кои се оставштина од минатото, со една декларација, да ги разрешиме туку така. Затоа велам дека е оваа долгорочна, макотрпна работа, во која треба да се спрегнат повеќе луѓе повеќе институции, но и покрај сето тоа што може да се направи, јас мислам ако нема добра политичка воља, помеѓу политичките партии кои работат и делуваат во државата и од еден мандат или друг учествуваат во власта, раководат со извршната, судската и со сите други сегменти на власта, мислам, политиката ако не ја одредува крајната цел, залудно ќе ни бидат сите други заложби во државата или на сите други институции, ако нема добра политичка волја, помеѓу политичките партии, кои учествуваат на било кој начин, во државата, мислам како релевантни политички партии, тоа е клучното прашање за мене. И за секоја работа ние прво треба да имаме, навистина добри податоци.

Затоа, треба да се вклучат сите овие институции што ги имаме во државата. Имаме академија, имаме други институции, треба да се седне и тоа ако го гониме како стратегија, мислам дека ќе ни одземе повеќе време, меѓутоа, ќе најдеме одредени решенија и можеме да ги решава е таквите прашања и проблеми. Инаку, набрзина собравме одредени податоци, донесовме декларација и јас би бил нај среќен да можеме да ги решаваме така прашањата.

Меѓутоа, замислете од кога ова човештво се бори за ваквите права. Земете

го правото за еманципација на жената, за правата на малцинствата. Носени се декларации во ОН, во Европскиот Парламент и т.н., и т.н.

Меѓутоа, се мора да биде врзано со економскиот развој, степенот на развојот и стратегијата што треба да се води на тој план. Инаку, се друго би било празна фраза и само фрлање памфлети во ушите или во очите на оние кои не слушаат или не гледаат, дека добро зборуваме, но на крајот никаква цел не постигнуваме.

Во тој дух, јас мислам дека оваа Декларација, слободно секој може да се произнесе и може да гласа, мене лично како Декларација не ми пречи. Меѓутоа, пречи тоа, што за овие работи ние мораме да бидеме, претходно целосно, по сите основи обезбедени и добро обучени за оваа работа. Инаку, со лоша импровизација, верувајте нема никаде крај. Во било која сфера, во било каква импровизација, тоа е најлошиот начин на работа. Ако ние за одредена работа нешто насочуваме, работиме, тимски и т.н., тогаш може и да очекуваме да ја оствариме крајната цел. Инаку, на ваков начин, мислам дека крајот не ни е баш добар.

Токму заради тоа, уште еднаш укажувам, оваа Декларација покажа дека во Македонија има табу тема што треба претходно да се разговара во други институции или некој рече на симпозиуми, што држи. Да се отворат тие прашања, да се разглобат, да се најдат социолошки, што вели Нано Ружин, работи и после да седнеме со мирна глава, трезвено да можеме да ја завршиме таа работа перфектно како што ќе биде и со мојот закон што го подготвувам за прекинување на бременоста и околу популационата политика во Република Македонија. Добро знам, дека јавното мислење не е поткрепено со одредени сознанија и тука има лутање. Штом има лутање, нема добар резултат.

Во тој дух, ви благодарам за трпението и се надевам дека во иднина на многу подобар начин ќе ги координираме или ќе ги организираме работите во државата, за да можеме не само пред светот, туку и лично, поради нашето живеење внатре, да имаме подобар мир, подобра перспектива и подобро планирање на се. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Котевски Ѓорѓи.

За збор се јави господинот пратеник Нано Ружин.

**НАНО РУЖИН:**

Почитуван потпретседтеле, дами и господа пратеници, претставници на Владата.

Моите емоции во однос на оваа Декларација се малку помешани, меѓутоа би сакал да истакнам дека овој документ, како документ не е така лош. Не од аспект дека нашиот коалиционен партнер е тука, пред нас, туку од аспект што сме ние едно целосно аномалично општество. Да бевме едно нормално општество, оваа Декларација можеби и немаше да има простор.

Меѓутоа, ако ова му го кажевте на Адам Смит, таткото на либерализмот, дека треба да се носи декларација за вработување на одреден сегмент на популација, веројатно тој немаше да се согласи со тоа. Впрочем, сите кои се економисти ја знаат теоријата на "невидливата рака".

Имено, пазарот, самиот по себе, по некоја логика ги решава прашањата според логиката на профитот, понуда и побарувачка. Нормално и Котевски рече декларација за правата на политичка застапеност на жената, декларација за ова, декларација за она.

Меѓутоа, ако дозволите, ќе направам еден мал краток историски осврт на проблемот на нашето општество во кое живееме, некои што го нарекуваат општество во транзиција, некои пост - комунизам и т.н.

Од паѓањето на Берлинскиот ѕид и инплозијата на комунизмот па до денеска, изминаа речиси десетина и повеќе години. Се сметаше дека главниот победник на тие промени е работникот. Десет години подоцна доаѓаме до една поразителна констатација дека работникот е главниот губитник, бидејќи проблемот на невработеноста е најголемиот проблем во сите Источно - европски и Средно - европски држави, вклучувајќи ја и Република Македонија со малку поголема стапка на невработеност.

Во такви услови, нормално е во едни услови на едно аномалично стопанство, црн пазар, корумпираност, едно маргинализирано општество што е далеку од Европската унија и останатите интеграции, држава што страдаше од разни блокади,

разни економски, авантуристи и т.н., си создаде огромни социјални проблеми. Истовремено, со социјалните проблеми одеше и меѓуетничкиот дијалог или меѓуетничкиот однос.

Нашето искуство за овие неколку неполни години гросомодо е позитивно. Успеавме да го одржиме меѓуетничкиот дијалог, што е добро во оваа држава. Тоа не се совршени односи, дури понекогаш можеме и да ги критикуваме. Меѓутоа, ништо лошо не гледам, еден пратеник од ПДП или ДПА или од друга партија, еве, да кажеме национална вокација, да предложи една декларација што повеќе игра на нашата совест, отколку што наметнува некои законски обврски. Исто така не би имал ништо против некои од нашите претставнички од понежниот пол да дојдат со некоја декларација дека жените треба да бидат помасовно застапени во политичкиот живот. Но, тоа ќе падне на суд. Знаете, на Уставниот суд, бидејќи не постои можност таа декларација да се претвори во закон. Законски не можете да правите. Тоа е веќе дискриминација меѓу половите, меѓу луѓето и т.н.

Тоа што можеби можам да утврдам како слаби страни на оваа Декларација, мошне отворено се повикува на мошне силни документи, како што се Повелбата на ОН, Уставни определби за правата на граѓаните, Конвенција во врска со дискриминација во поглед на вработувањето. Јас, во случај на повреда на оваа Конвенција, доколку постојат примери кај нас. Прв би станал и би напишал нешто како протест, доколку постои погазување или дискриминација во оваа држава, по било кој основ. Било да е тоа етнички, културен, религиозен, политички. Така што, тоа по малку ми пречи.

Добро, се прашувам, дали ние не го надминавме проблемот? Можеби се случуваат одредени негативности. И гледам, се случуваат. Можеби некое друго малцинство, каде во државава е мнозинство, можеби има исто така нешто да каже. Дали на пример не е дискриминиран, не знам, кај своите работодавци Македонецот во Гостивар или Тетово? Не сакам да навлегувам во таквите односи. Сметам дека, како интелектуалци, како пратеници, ние треба да го подигаме нивото на свеста кај луѓето, на сите оние кои сметаат или кои што се сметаат дека се по професија Македонци или Албанци. Да има поголемо разбирање. Впрочем, профитот и бизнисот немаат никакви граници од етничка, религиозна или културна природа. Сите се во насока, пред се ги интересира профитот.

Така што, Декларацијава има еден чисто мобилизирачки карактер, да влијае врз граѓаните на Република Македонија, да немаат никакви пречки при размислувањето дали ќе вработат еден добар инженер, еден добар лекар, електроничар, независно дали е од оваа или онаа етничка припадност. Впрочем, меѓу нас има тука поголем број луѓе кои сте деловни и знаете дека за вас е многу побитна неговата способност отколку неговата етничка припадност.

Не би се согласил со некои од пратениците на ДПА дека ПДП не направил ништо во овој домен во претходниот систем и дека и дека наводно, не вработи, особено таму каде што можеше, да вработи луѓе. Тука мислам на Управата, јавните претпријатија. Целокупната политичка активност, еден голем дел, вклучувајќи ги перманентните ревандикации на овие партии што ги следевме сите и како пратеници, како набљудувачи и политички партии, токму беа фокусирани на едно од големите прашања, ревандикации на ПДП беше токму изедначување на бројката на вработени во Управата.

Мислам дека, и покрај реалните тешкотии, да бидеме реални, покрај недостаток на кадри или бар помали од избор на кадри, сепак, колку толку беа вработени и тој процес продолжува. Нормално, бидејќи сме едно такво општество, тоа треба да се одвива како такво. Веројатно во Америка или во Шведска или во Франција не би се носела таква декларација, бидејќи луѓето се ценат по други квалитети.

Ние сме, како што реков специфична земја, сега сме еден вид ученик кој мора да го положи испитот за прием во ЕУ. Овој вид проблеми исто така ќе бидат оценувани и верификувани.

Со други зборови, сметам дека сепак не сме општество што дискриминира. Внимавајте, има исклучоци. Меѓутоа, во глобала, јас не сум слушнал овде политичар, а ретко се слуша да некој излезе со дискриминаторски апели, закони, декларации против некое национално малцинство. Но, од друга страна, сметам дека треба да имаме некогаш доблест и да имаме поголемо разбирање.

Затоа, јас ќе гласам за оваа Декларација, со тоа што, можеби предлагачот уште еднаш ќе треба да се појави, да каже дали навистина ова на што се повикува, дали навистина наишол на

егзактни примери за одредена дискриминација? Дали е тоа систем на однесување на оваа држава?

Мислам дека во изминативе десет години тоа не се случувало. Мислам дека имаме право, како пратеници, да знаеме за тоа.

Инаку, верувајте, и после оваа Декларација работите ќе останат исти. Нема ништо да се смени. Можеби во некоја насока, но желбата да ги истакнеме нашите позиции е, нека биде космополитска. Дека немаме ништо против некого кога е во прашање вработувањето, дека немаме никакви амбиции иако некои имаат и политички амбиции, понекогаш повеќе да гледа на партиската припадност, но во случајот се зборува за етничката припадност. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Нано Ружин.

На ред е господинот пратеник Мерсел Билали.

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници, искрено да кажам, јас се откажав, меѓутоа морам да признаам ме испровоцираа флуидните и импровизирани аргументи, што ги изнесе господинот Котевски, познатиот писател тука. Јас морав да дадам дополнителни објаснувања околу прашањата што тој ги постави.

Ние можеме да се повикаме на различни акти, тоа се делови на позитивното право. Не можеме да се повикуваме на Уставот на РМ, кој и во преамбулата и во нормативниот дел предвидува етничка рамноправност. Можеме да се повикуваме и на закони кои, барем декларативно елиминираат секој вид на декларација. Можеме да се повикуваме на било какви акти што предвидуваат услови за вработување и т.н. Можеме да се повикуваме на било каква декларативна определба и во сферата на вработувањето, меѓутоа тие се само фантомски, флуидни и т.н. Реалноста е нешто друго, а реалноста е статистиката. Само да се прочита реалната статистика и можеме да констатираме дека имаме сериозен проблем од овој аспект.

Имено, некаде на почетокот на 90-тите години, практично во државната или јавните претпријатија, Албанците беа застапени со помалку од 2%. За осум или девет години таа стапка е покачена на не повеќе од 4,3%. Значи, сакале да признаеме или не, реално е дека тука имаме сериозни проблеми. Таа статистика е неповолна, не само за Албанците, туку неповолна е за државата, за интересите на државата во целост. Затоа имаме обврска оваа тема многу посериозно да ја сфатиме. Да ја сфатиме сериозно не поради тоа што, веќе кажав, не обврзуваат општите правни акти, како што е Уставот на РМ, како што се бројните акти што се сметаат за дел од внатрешниот правен поредок, се работи за важни меѓународно - правни акти, документи, конвенции, спогодби итн. од ЕУ, Советот на Европа, ОБСЕ и т.н. и тие со чинот на ратификацијата, практично станаа составен дел на внатрешниот правен поредок на РМ. Значи, тоа е дел од правната држава, а ние, тие акти само декларативно сме ги прифатиле. Фактички и правната држава само декларативно ја прифаќаме. Каква е таа држава што во суштина не е правна држава, особено кога се работи за сегментот на правната држава како што е сегментот на меѓуетничките односи, што според сите квалификации претставува столб за постоењето и развитокот на Република Македонија.

Некој тука кажа дека со тоа, фактички можеме да ги дискриминираме граѓаните, односно на една категорија граѓани да даваме предност при вработувањето и т.н. Мислам дека тоа не е така, од причина што принципот на позитивна дискриминација е познат на сите цивилизирани и демократско развиени држави. Тоа претпоставува на една категорија граѓани, меѓутоа случајно или не случајно тие припаѓаат на една етничка, религиозна или не знам каква друга заедница, па според статистиката, фактички тие се во неповолна состојба, па мора државата со своите механизми да ја амортизира таа реална состојба, ако сакате таа може да се вика и негативна дискриминација. Затоа се измисли позитивната дискриминација за да ја елиминира негативната дискриминација.

И така и така правиме дискриминација, првенствено, не исклучиво, врз партиска основа. Имено, денеска човек не може стварно да работи како градинар или било која друга професија ако не е припадник на една политичка партија што не е во власта.

Тоа е една дискриминација, од причини што ги дискриминираш другите кои не се членови на партијата, без оглед на нивната професионалност и стручна подготовка, па ги дискриминираш и другите кои случајно припаѓаат на другите партии и кои за несреќа се во опозиција. Значи неминовно пред нас се поставува

прашањето како да се подобри состојбата, да се елиминира неповолната состојба, како интерес за целата држава. Тоа е целта да се дојде до реална рамноправност, а не декларативна.

Некој тука го постави прашањето па ПДП колку години беше на власт па ништо не направи во тој сегмент. Да ви кажам дека во 1997 година, на почетокот беше усвоена декларација за меѓунационална толеранција. Тука влегоа некои важни точки каде се предвиде ефекти на национална рамноправност во сите области. Меѓутоа тоа е декларација и е без операционализација.

Некој од дискутантите тука кажа, тука зборуваше за еманципацијата на жените и ред други социолошки проблеми за кој верувам дека не ги познава добро. Не знам колку тој дискутант е упатен во тоа прашање на жените, дека кое се сведи една статистика ќе видите дека повеќе жени факултетски образовани чекаат не по пет, туку по 10 и 15 години работа и никако да ја обезбедат.

Во западниот дел на Македонија ние имаме тивок егзодус, бидејќи луѓето со години и децении чекаат работа и немо; е да ја најдат, па преоѓаат на запад, и тоа ќе оди на црно да работи, потоа ќе си ја земе и фамилијата врз основа на некои импровизирани механизми таму и тие деца што се школуваат таму немаат шанси да се вратат тука, од причина што таму се ситуираат и се адаптираат на нивниот начин на живеење и тешко дека тие ќе се вратат, а практично тие се спротивно од нивната желба.

Зошто е важно ова прашање да се решава? Важно е од причини што ваква статистика како што е, мислам неповолна по автоматизам произведува тензии кои се многу лоши за државата, произведува недоверба, ако сакате и омраза. Статистиката само по себе тоа го прави, а ние сме тука и имаме морална обврска политичка па и правна обврска, таа работа да ја амортизираме, ако не можеме до крај да ја елиминираме. Така што после оваа декларација иако мислам дека можеше поинаку да се формулира, да биде појасна, во смисла на пропорционалност, барем од тој аспект на официјалната статистика, меѓутоа и ваква може да се поддржи. Но ако се поддржи со ова, тоа ќе заврши со тоа, ако не претпоставува донесување на закон и конкретни програми, ништо не сме направиле. Некој тука кажа па не можеме ние да се мешаме кај некој приватник кого и зошто ќе прими. Не е така, од причина што во цивилизираните развиени држави има три начини како да го направи тоа не само во јавните претпријатија и јавната управа. Можат и во приватниот сектор. Имано со посебна даночна политика, со посебни даноци ќе се фаворизира една категорија на луѓе. Заправо приватникот си гледа свој интерес да прими една категорија на луѓе и на крајот државата може и глобално да влијае врз кредитната политика, да кредитира региони каде што невработеноста е многу по изразена.

Значи по принцип на автоматизација се обезбедуваат и тие луѓе. Меѓутоа, за жал што се однесува до ова последно прашање кредитирање, да кажам дека состојбата во последните две години е многу не поволна и не сум слушнал бизнисмен кој добил кредит за некое инвестирање.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Мерсел Билали.

За реплика се јави пратеникот Ѓорѓи Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Со ништо не може да се препирам со господинот Билали, не можам ни да додадам ни да одземам со она што го зборуваше. Ако можеше меѓу редови да ме разбере што сакав да кажам во мојот говор, ќе му беше многу јасно и за оние другите аспекти, за кои зборував, околу популационата политика и демографските движења во Македонија, кои се тесно или животно поврзани за иднината на оваа држава.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Ѓорѓи Котевски.

Последниот дискутант, сега за сега е господинот пратеник Билал Лутфии.

**БИЛАЛ ЛУТФИИ:**

Господине потпретсеателе, колеги пратеници, имајќи го предвид фактот што овде беа изнесени многу квалификации, од кои некои држат некои не, да кажам дека во форма ја поддржувам ова иницијатива односно Предлог - декларација со тоа што сум убеден дека со декларации, со заклучоци. Проблемот на вработувањето воопшто во РМ и вработувањето на националностите ама баш апсолутно не може да се решава. Дека е сложен проблем, проблем кој не е од вчера и од завчера туку од пред 20 години, а барем за последните 8 години, тоа е факт и треба барем малку одговорност да сноси и предлагачот на оваа Предлог –декларација, од причини што тој дошол до некои показатели што не верувам дека се вистински. Но и да би биле

вистински показатели тие би биле добар материјал за научниците и тоа кога господине Сулејмани повеќе кога би зборувал за причините за невработеноста во последните десет години.

Затоа го прашувам господинот Сулејмани дали сноси барем малку одговорност, имајќи го предвид фактот што во времето кога и ПДП учествуваше во власта, имаше една пракса, не по пат на институција оглас или конкурс, туку со волја на директорите и на надлежните, така да новата Влада беше принудена да ја прекине таа пракса, минатата година. Ние знаеме како постапуваше владата минатата година и оваа со цел да има ред во вработувањето и посебно да не се зголеми вработувањето во државната администрација. Значи сакам да го истакнам тоа, се со цел да не се зголемува бројот на вработените во администрацијата и укажувањата на меѓународниот фактор дека воопшто вработеноста во државната администрација има диспропорција.

Ако единствен начин за решавање на проблемот на вработување на националностите е донесување на оваа Предлог - декларација, јас сум убеден дека нема пратеник што нема да го гласа. Но, бидејќи тоа не е решение, јас верувам дека нема да помине оваа предлог декларација во ова Собрание.

На крајот јас морам да заклучам дека оваа Предлог - декларација им треба на господинот Сулејмани и на неговата партија, бидејќи имаат внатрешни проблеми и пред бирачите да излегуваат веќе со познатиот веќе стар - нов стил еден месец, еве ние се залагаме, предлагаме, но немаме мнозинство, имаме 6-7 пратеници кои учествуваат на седница односно 13 - 14 и другите не не поддржуваат. Мислам дека тој веќе не пие вода кај масата, кај бирачите и воопшто кај граѓаните на РМ и внатрешните проблеми треба да ги решаваат на друг начин.

Да не губиме време, понатаму јас сега во форма, за да не каже Сулејмани дека не ме поддржуваат и не се за тоа да им се помогне на невработените, јас ќе ја поддржам оваа предлог декларација, но убеден сум дека на овој начин не се решава проблемот на невработеноста.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Лутфии.

Процедурално се јавува господинот пратеник Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Тука не станува збор за маркетинг, туку укажуваме на една слабост, која се протега од кога Република Македонија постои како држава.

Статистичките податоци зборуваат дека народностите не се застапени, според бројот и процентот нивни во РМ. Овие бројки со кои располагаме не може да се оправда 84% вработени во РМ од вкупната популација, само од мнозинскиот народ и тоа Македонци, а во тој соодност само 8% вработени во конкретниот случај албанската популација. Тука не можеме маркетинг да правиме. Воопшто проблемот не е од последната декаta. Укажуваме на меко размислување оваа бројка на статистички податоци да се подобрува.

Не се согласувам исто така и со она што претходните дискутанти рекоа дека грешката е во тоа што Македонија е сиромашна. Точно, сиромашна, но сиромаштијата треба да ја поделиме подеднакво.

Не можам да се согласам исто така и со тоа дека во научните институции Албанците се застапени само со 1,6%, додека македонската популација е застапена со 93%. Тука нема маркетинг господо.

Не можам да се согласам исто така и со тоа кога во државната администрација и во државните органи Албанците се застапени само со 3%.

Исто така и до две елитни единици, во "Шкорпион" да нема ниту еден Албанец вработен. Исто така во елитните единици на "Волци" колку ги има јас не знам, меѓутоа, тука нема ниту еден Албанец. Да не зборувам за другите статистички податоци кои кажуваат за темни бројки. Само миопите можат тоа да не го видат. Инаку господата што мисли и оваа прилика да ја користи и да каже и ПДП беше во власта и ништо не направи, да кажам дека не се работи за период од 10 години, тука се работи за период од пола век и повеќе, на оваа дискриминција на другите етноси во РМ.

Јас можам да зборувам тука и да останам толку долго што бројките што се наведени во статистичките податоци зборуваат за една темна ситуација провлечена низ низа периоди, почнувајќи од 1945 година па до денес 2000 година. Тука немаме ништо ни во тој однос унапредено.

Еден господин исто така рече дека кредити и т.н., се користеле. Зошто Сајкоски не стане да каже, каков кредит во западна

Македонија е доделен во некоја сфера и обично во земјоделието. Јас не знам. Јас доаѓам од тој крај и ниту еден скршен денар, од сите средства што се добиени од Меѓународната банка таму во тој дел не се влезени.

Ви благодарам за ова, не сакав да го користам за маркетинг туку да им се укаже на господата кои се миопи и не може да ги гледаат бројките низ статистичките прегледи кои се провлекуваат, од време кога Македонија како држава постои.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Харуни.

Веројатно за реплика се јави господинот пратеник Билал Лутфии.

**БИЛАЛ ЛУТФИИ:**

Прво не е точно дека 3% има во државната администрација. Тој број е поголем, но не е број кој треба да биде.

Второ, апсолутно се согласувам да расправаме за причините за невработеноста во последните 50 години, апсолутно. Но јас се плашам да не излезе дека соучесник, меѓу другите, ќе биде и претходниот дискутант. Навистина би било интересна тема за расправање, вака објективно, без субјективизам и тогаш ќе дојдеме до одговор и на претпоследниот дискутант кој рече за Владата на Црвенковски дека немаше систематска дискриминација. Вака во форма можеби не, но во суштина и те како имаше систематска дискриминација, бидејќи ако инсистираме оваа Македонија да се вклучи во сите трендови, во смисла на економијата, тогаш да се руши објектот на Универзитетот да не се чинат напори шест, односно осум години да се решава проблемот ан високото образование на Албанците во РМ, тоа не е ништо друго туку да направиш еден план кој во форма не се гледа, туку во суштина не се гледа, ја гледа само тој што размислува со своја глава, бидејќи таквите луѓе добро ги наметнуваат работите, така што после 20 и 30 години би рекле, еве ние ќе вработиме, но немаме квалификувани кадри, а таа фабрика што произведува кадри е високото образование, се разбира поминувајќи прво на другите фази на основното, средното и високото образование.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

За реплика се јави господинот пратеник Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Само една бројка, бидејќи сакаме секогаш лицемерни да бидеме и пред јавноста, а господинот знам дека не ги знае и нема ниту еден статистички проект и сигурен сум во тоа дека нема. Но, бос да се излезе и да се каже дека тоа не е точно, јас го повикувам нека каже некој друг број, конкретно во државната администрација. Од вкупно 52.064 вработени, 93,9% се Македонци вработени, а Албанците тука се застапени само со 3%, статистички преглед од 1998 година. И оваа бројка од 3,1% господинот Билали, нека ги најде и тоа во комунално Албанците, нека ги најде во земјоделие Албанците, а во државна администрација ги има само 1.593. Тука е разликата. Тоа и на македонската јавност да се пренесе и на Албанците.

Јас се оградувам од една таква дилетантска дискусија.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Реплика бара господинот Билал Љутфиу.

**БИЛАЛ ЉУТФИУ:**

Прво, дилетант размислува дека сите други се дилетанти.

Второ, бројката од 1.593 Албанци во државната администрација, не навлегувам дали е точна или не, а колку го познавам во суштина како суштество Харуни, го познавам како човек што манипулира со бројки, првенствено со јавноста се сомневам, но и да било така, до 1998 година Сејфедин Харуни бил член на овој Парламент, односно неговата партија учествувала во Владата. Треба да сноси одговорност иако оваа бројка била 1593, 1998 година јас верувам дека само тројца или четворица биле примени во текот на неговото владеење.

Што се однесува до реалната состојба барем во оваа Влада, ако не во суштина, јас сум убеден дека е во суштина има политичка клима не само од министрите, замениците, туку од трите коалициони партнери да се надминат предрасудите. Тоа што беше изградено 55 години со активно албанско расположение, се прават предрасуди на младите последните 20 години, во 1981 година тие што имале 10 години, а кои сега имаат 40 години па им пијат вода, пропагандата на СДСМ и на одредени луѓе како од сортата на Харуни сигурно треба многу работа за да оваа Влада ги сузбие тие предрасуди и да ствара клима некои работи да си одат по прав пат.

Но, јас сум убеден дека Харуни не е заинтересиран за решавање на некои проблеми, затоа што имаме свежи примери, 6 години односно од 1995 година Харуни и

неговата тајфа беше на власт, заправо во борба против Универзитетот на албански јазик во Тетово, а сега сака да доаѓа на власт заштитувајќи го Универзитетот во Тетово, заборавајќи го фактот дека неговиот коалиционен партнер убиваше луѓе за тој Универзитет и со кого тој, бидејќи сака да ја обори оваа Влада, ВМРО-вска само не ДА и ДПА, тогаш со кого тој ќе прави Влада за да го решава тој проблем.

Овие инциденти, индикатори што треба да ги има предвид Харуни и да не продава овде демагогија, затоа што добро му е познат на Албанскиот народ, односно на бирачите во Република Македонија, па би рекол и на сите граѓани во Република Македонија. И, еве да престане да ни соли памет и уште еднаш ако се обиде вака да реплицира, јас имам уште некои други аргументи, што нема да го жалам веќе, ќе ги изнесам овде.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам. Јас мислам да прекинеме со реплики и ве молам да бидеме повнимателни за тоа што кажуваме овде пред јавноста и пред сите пратеници, затоа што една реплика поттикнува друга реплика.

За збор се јави господинот пратеник Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Благодарам господине потпретседателе, дами и господа колеги.

Декларацијата ниту може во суштина нешто да измени како нештата ќе течат понатаму, ниту пак може да доведе до нарушување на тие процеси што се во тек. Ако е од аспект на маркетинг, во ред е, нека има вакви расправи, но од голема корист токму за најпогодените нема да биде тоа.

Јас единствено земав збор за да укажам на тоа дека во Република Македонија во континуитет 50 години не се врши национално угнетување, што можеше да се чуе од некои излагања и дека со такви констатации не се согласувам ни најмалку. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на пратеникот Јордан Бошков.

За збор се јави Слободан Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Господине потпретседателе, дами и господа пратеници, сигурно дека ова како идеја добро би било од господинот Ризван Сулејмани, но не дури тоа да се оди по клуч и закаснета е идејата на Ризван Сулејмани. ПДП имаше шанса тоа да го направи и во минатиот состав на Парламентот. Мислам дека малку се доцни, малку работеа, цело време беа во договор со СДСМ, но како испаднаа работите покажува крајот.

Она што боде во очи тоа е, што изнесе господинот Харуни и она што го зборуваше господинот Рамадани. Јас би го прашал господинот Рамадани дали во Арачиново има еден Македонец примен во општината. Дали еден Македонец е примен во општина Арачиново од ПДП. Еве, нека ми одговори.

Вака ми вика

(со рака покажува - не), значи нема. Во ред.

Втората работа, она што се шпекулира од господинот Харуни е тоа што колку инвестиции, колку кредити се дадени во едниот дел на Македонија и во другиот дел. Би било добро да се извадат инвестициите во времето на СДСМ, јас сум 8 години, колку е инвестирано во Западниот дел на Македонија, што дали знае господинот Харуни дека во Свети Николе има 10 села, кои немаат електрично осветлување. Влегуваме во третиот милениум, недозволиво е да зборуваме за патишта и вода. Нека каже една месна заедница едно село од западниот дел на Македонија, каде нема електрично осветлување.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на господинот пратеник Даневски.

Има збор господинот Ризван Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Јас на почетокот сакам искрено да им заблагодарам на сите тие што сакаат да придонесат за подобрување на декларацијата и сите тие кои што сакаат да помагаат во изнаоѓање на начини и форми како навистина на овој проблем да пристапиме. На жалост, на крајот бев на работ на тотално разочарување, кога една добра идеја, со сосема добри цели, до таа мера се девалвира, што ми се поставува неколку пати прашањето, дали и понатаму треба да опстојам на декларацијата. Сепак, желбата нешто навистина, нешто да придонесам останува и затоа би сакал на крајот да сублимирам од она што можев да фатам од излагачите.

Неколку пати беше поставено клучното прашање зошто Ризван Сулејмани излегува денес излегува со ваква декларација, зошто Ризван Сулејмани не излегол порано. Јас мислам дека во моето уводно излагање реков дека идејата ми е од

1997 година. Не сум специјалист и не е моја област на проучување на овој проблем. Чиста случајност, читајќи теоретска книга во врска со овие работи, од тој момент се зафатив со овој проблем и почнав да барам информации. Огромната помош и реалната шанса ми се создаде да работам во врска со ова е, кога НДА ни испрати неколку студенти да ни помогнат. Инаку, да не беше нивната помош јас и овој материјал што денес го имам не ќе можев да го спремам. Вие сите ја знаете положбата на пратеникот денеска во Собранието на Република Македонија. Колку се реални неговите шанси тој да придонесе.

Но, ако сакаат да им одговорам и поконкретно зошто ПДП, господа пратеници ПДП беше шампион на тоа дека, албанските прашања во Република Македонија треба да се решаваат низ институциите на системот, вклучувајќи ги Албанците во сите институции на системот. За разлика од тоа, некои други господа промовираа историски договори дека тоа што ние работиме низ институциите и системите дека тоа не е ништо. Ние треба да го смениме Уставот, ние треба да направиме поделба на Македонија, ние треба да правиме регионализација на Република Македонија. И во такви услови ние имавме храброст да се фатиме со овој проблем и ги направивме првите чекори. Можеби јас бев тој прв што прв пат отидов во инспектори и буквално сите ја отвораа вратата да видат како изгледа Албанец инспектор. Да, од 126 вработени во општина Карпош, јас бев прв после шоферот кој останал од бившиот систем на бившиот градоначалник, што беше и пратеник од Либералната партија. Низ тие пречки поминавме ние кога го почнавме патот на градење и инсталирање врз институциите на системот.

Јас кажам уште на почетокот не ми беше целта, јас навистина сакав да го вклучам и проблемот на жените и на хендикепираните. Службите кои работеа со мене, тоа добро го знаат. Јас дури дојдов до одреден текст на закон, за кој што заеднички оценивме дека не е до тоа ниво јас да излезам денеска пред Парламентот со законот. Јас знам и не се обидувам да навлегувам во причините. Зошто да се поставува прашање, не се само жените албанки дискриминирани. Зарем само 10% жени во Македонија има што се така преставени во Парламентот на Република Македонија.

Тоа е проблем не само наш и тој проблем треба да го третираме. Цело време во мене беше дилема дали јас при подготовката на законот ќе дојдам во судир со Уставот на Република Македонија, како што спомна некој од дискутантите. Целата грижа тука се водеше, но дојдов до сознание дека во многу земји се бараат други начини, токму од причините што ги наведе господинот Нано Ружин, преку разни акции, форми, програми за вработување.

Неколку пати овде беше поставен проблемот зошто не одиме со пропорција. Има јасен резон зошто не одиме. Ако добро се прочита декларацијата ќе се види дека членовите 5 и 6 прават јасна дистинкција. Јас велам дека во понатамошната постапка треба да се донесе Закон за јавна администрација, каде што се користат буџетски средства, каде што може подиректно да се влијае, со тоа што Албанците и сите други националности да можат да бидат рамноправно присутни.

Но, тоа не значи дека ние го решаваме проблемот. Дај Боже оваа Влада да го реши проблемот. Вие знаете, ги видовте статистичките податоци, проблемот на невработеноста на националностите не се решава само преку институциите на системот. Вие видовте дека од вкупно вработените само 10% се во државната администрација. А, тие 10% знаете дека треба да ги намалиме 60.000. ДПА нека има вработено 5.000, не 100, не 200, туку пет илјади, па покажете ми го процентот од 500.000 вработени колку ќе ја промени структурата на вработеноста на Република Македонија. Нема да ја промени структурата на вработеноста на Република Македонија макар и 5.000 да се вработени во институциите на системот, што нема шанси да бидат вработени. Јас би сакал да бидат, но нема шанси.

Проблемот на вработувањето е потемелен. Јас се обидувам да го проучам во рамките на моите можности, дури барав и сакав да склучам експерти од Универзитетот, од институциите, но тие господа работат за Влада, за дебели хонорари, а јас немам такви пари, ниту имам можност Собранието да ми плати такви експерти.

Неколку пати се поставуваше прашањето дали ние можеме да влијаеме кај приватникот? Да, да. Другите земји кои што навистина сакале да се занимаваат со овој проблем, нашле начин и механизми како и таму да се влијае, да се подобри ситуацијата. Нашле начини тоа да го направат. И не случајно, дури и директно прашање на министерот за развој, при образложувањето на програмата за развој до 2003 година јас му го посочив предметот

и тој го прифати како реален и бара начин за решавање преку макро економската политика. Дури тој и сам кажа дека во светот има пракса на таканаречена индустриска економија, каде што за одредени капацитети ако се оцени дека се перспектива можат да прераснат и да бидат добар пример за подобрување на одредени ситуации во одредени територии, одредени делови од Републиката, од државата. Па, ние тоа го правиме цело време. 25 загубари поддржувавме неколку години да им дадеме шанси, а зошто не би можеле во макро економската политика такви начини на поттикнување на одредени капацитети, во одредени места, во одредени територии да ги поттикнуваме. Јас ќе ви дадам многу пластичен пример. До некни во село Раши и во село Пирок функционираа расфрлени единици од “Тетекс" од “Македонски ракотворби", кои беа отворени во чисто албански семејства и кога сите се плашеа дали албанската жена ќе прифати да работи во такви капацитети.

За чудо невидено огромна беше конкуренцијата и ден денеска жалат за затворање на тој капацитет. Објектот и ден денес стои таму неискористен, а дури сега создадовме навистина реални претпоставки да може да функционира тој објект. Зошто нема храброст на овој начин и на оваа сфера да се гледаат состојбите. Капацитетите кои можат реално да опстанат, да се поддржат за одреден временски период. Цело време тоа Владата го прави, но дали го прави на прав начин е проблем.

Тоа ми беше целта и затоа јас не сакав да се задржам само на делот на државната администрација.

Постојат и други начини и механизми. На пример во Канада, каде што најдобро е обработена оваа проблематика, имаат формирано борд кој што постојано дава извештаи и рапорти пред Собранието, како се движат овие параметри и што треба да се направи. Во милиони информации и начини кои постојат денеска во светот, јас немам доволно капацитет како Ризван, сам да дојдам до еден законски проект. Јас навистина не би сакал овде, како што некој рече, да останам на декларација. Декларацијата има, како што кажа господинот Рамадани, покрај другото да ги поттикнува сите тие што сакаат нешто да придонесат во подобрувањето на ситуацијата во однос на вработувањето. Да ги поддржува и охрабрува тие што сакаат овој проблем да го третираат. Но, истовремено од оваа декларација да произлезат и идни задачи од типот на донесување на закон, или макро економската програма. Јас навистина сакав со најдобри намери, без некоја задна цел да излезам со овој проект.

Една од главните цели ми беше на политичките партии дефинитивно да им кажам да се спуштиме на земја. Доста се занимававме со големата политика. Ги откачивме дури и тие, го оставивме знамето, го оставивме конститутивниот елемент на државата, да ги оставиме сите можни високи политички цели, а и овој проблем не сакаме да го третираме. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Ризван Сулејмани.

Има збор г-динот пратеник Поповски Никола.

Тој сака да се произнесе како ќе гласа.

Расправата е завршена и нема пријавени други пратеници.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, драги колеги, почитуван г-дин Сулејмани како предлагач на оваа декларација.

Пратеничката група на СДСМ со должно внимание ја разгледуваше и ја проучуваше декларацијата во еден подолг временски период, дури од прошлиот мандат, за жал на некои од присутните и пристапи конструктивно со свои забелешки. Дел од нив ги имавме искажано по комисиите и на нив присуствуваше г-динот Сулејмани и лично му предложивме што сметаме дека треба да се дополни во неа.

Нашиот став кон оваа декларација во основа не е негативен. Сметаме дека Собранието во вид на декларација или ако сакате во вид на изјава или политичка волја, не би требало да има проблем да изрази политичка волја за целите кои се напишани во декларацијата. Она што нас не зачуди во таа расправа, секако е фактот дека еден огромен дел на пратениците во Собранието, дури и за декларација која не предизвикува никакви правни последици или акти, само изразува политичка волја, не смогна сили и ја претвори во дебата и негација на она што се високите цели на оваа декларација.

Ние сме спремни да ја подржиме оваа декларација. Меѓутоа, исто така, сме спремни да учествуваме во нејзиното креирање и во нејзиниот текст. Ние, дел од тие забелешки ги доставивме на г-динот Сулејмани и очекувавме дека тој по нив ќе се изјасни или ќе ги предложи во вид на

амандмани сопствени, кои ќе станат составен дел, како би го виделе неговиот однос кон оваа декларација. Тие, во суштина произлегуваат од една клучна точка. Декларацијата гласи. Декларација за еднаквост при вработувањето на припадниците на националностите. Нашата клучна забелешка беше да се направат две промени.

Прво, зборот еднаквост да се замени со зборот "рамноправни шанси", затоа што цениме што зборот еднаквост е премногу крут и цврст збор. И, да се додаде на крајот од насловот "во јавниот сектор". Со тоа ние би расправале по Декларација за рамноправни шанси при вработувањето на припадници на националностите во јавниот сектор, затоа што сметаме дека доколку не стои јавен сектор, туку стои вкупно за вработувањето, тоа ги надминува на некој начин, барем како што СДСМ гледа на работите, овластувањата на Собранието на Република Македонија. Со оглед дека тоа не се направи, јас лично давам и еден предлог до г-динот Сулејмани. Предлогот на декларацијата како предлагач да го понуди на Собранието во оваа фаза како нацрт на декларација и тоа да го гласаме сега, па сите овие забелешки за кои расправаме сега, на една од наредните седници да ги согледа, да ги подготви и да го достави Предлогот на декларацијата, а ние да се изјасниме по Предлог - декларацијата. Меѓутоа, она што, дозволете да кажам, мене ме шокира е фактот дека Предлогот на декларација за по наше или по мое рамноправни шанси за вработување на припадниците на националностите во јавниот сектор, најголема критика во ова Собрание доживеа токму од припадници на националностите од една од партиите во коалицијата, од албанската националност. Така што и покрај оваа наша волја, со немањето на волја од оние за кои декларацијата се однесува да ја прифатат и нивното дочекување на нож и покрај нашата волја ја се сомневам дека ќе биде продуктивен начинот на кој ќе го гласа Собранието на овој документ. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Поповски Никола.

Дали предлагачот се сложува со овие предлози на пратеничката група на СДСМ за измени и дополнување на оваа декларација или останува на предложената декларација?

Збор има г-динот пратеник Ризван Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Факт е дека и при комисиската расправа г-динот Никола Поповски даде свои забелешки, за кои јас за дел од нив реков дека можам да размислам и да ги прифатам, иако денеска го барав г-динот Поповски дали има доставено такви конкретни амандмани за измена и дополнување на ова. Со оглед дека не беа доставени, јас и не можев да се изјаснам, но сега го прифаќам предлогот ако на идната седница на Собранието, фактички го прифаќам предлогот да оди во две фази.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Се извинувам не ве слушав добро.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Го прифаќам предлогот во оваа фаза да одиме со нацрт.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Го ставам на гласање Нацртот на Предлогот на декларацијата за еднаквост при вработувањето на припадниците на националностите.

Ве молам да гласаме?

Вкупно гласаа 81 пратеник, 39 пратеници гласаа за, 35 пратеници беа против, 5 пратеници се воздржаа од гласањето.

Констатирам дека Собранието не ја донесе Нацрт Декларацијата за еднаквост при вработување на припадниците на националностите.

(Група пратеници бараат поединечно гласање).

Немате поддршка од десет пратеници.

(Пратениците креваат рака и има поддршка од десет пратеници).

Тогаш поминуваме на поединечно гласање.

**РОКСА ГЕОРГИЕВА:**

1. Јонуз Абдулаи - за
2. Абдурахман Алити - за
3. Абдула Алиу - не е тука
4. Милојко Ангеловски - за
5. Стојан Андов - не е тука
6. Кирил Андоновски - против
7. Љупчо Анушев - не е тука
8. Амди Бајрам - не е тука
9. Фадил Бајрами - за

10. Димитар Баткоски - против
11. Мерсел Биљали - за
Валентина Божиновска - не е тука
12. Јордан Бошков - не е тука
13. Димитар Бузлевски - не е тука
14. Абдулади Вејсели - за
15. Слободан Гарчески - против
16. Васил Гаџовски - против
17. Михајло Георгиевски - против
18. Трајко Гешоски - не е тука
19. Александар Гештаковски - за
20. Данило Глигороски - воздржан
21. Петар Гошев - за
22. Слободан Даневски - против
23. Замир Дика - за
24. Ванчо Ѓоргиев - за
25. Илија Ѓоргиев - не е тука
26. Фатмир Етеми - не е тука
27. Васил Ефтимов - против
28. Насер Зибери - отсутен
29. Љубисав Иванов – Ѕинго - отсутен
30. Мирко Иванов - за
31. Илија Илоски - отсутен
32. Делче Ицков - воздржан
33. Никола Јованов - против
34. Весна Јовановска - воздржан
35. Марика Јорданова - против
36. Назми Кадриу - за
37. Радомир Карангелески - отсутен
38. Жарко Караџоски - против
39. Митко Киров - против
40. Лазар Китаноски - отсутен
41. Саво Климовски - отсутен
42. Стојан Ковачески - за
43. Ѓорѓи Котевски - воздржан
44. Чедомир Краљевски - воздржан
45. Илија Лазаров - против
46. Горанчо Лазов - против
47. Алириза Лога - за
48. Билал Љутфии - за
49. Васе Манчев - отсутен
50. Наталија Марковиќ – Димова - воздржана
51. Ѓулистана Марковска - за
52. Деспина Марковска - против
53. Звонко Мирчески - против
54. Драган Митевски - отсутен
55. Илинка Митрева - отсутна
56. Кирил Настески - за
57. Рубенс Наумовски - против
58. Горан Невеновски - отсутен
59. Латиф Пајкоски - воздржан
60. Александар Пандов - не е тука
61. Ванчо Панчев - против
62. Илија Пемов - против
63. Тито Петковски - за
64. Чедо Петров - против
65. Томислав Петровски - не е тука
66. Филип Петровски - против
67. Азис Положани - за
68. Стојан Попов - не е тука
69. Љубомир Поповски - за
70. Никола Поповски - за
71. Илија Прангоски - не е тука
72. Исмет Рамадани - не е тука
73. Љупче Ристески - не е тука
74. Ненад Ристовски - против
75. Нано Ружин - не е тука
76. Илјаз Сабриу - за
77. Аце Сајкоски - против
78. Аслан Селмани - за
79. Борче Сибиновски - против
80. Вангел Симев - против
81. Ристо Спанаков - не е тука
82. Крале Спанчевски - отсутен
83. Ѓорѓи Спасов - отсутен
84. Милан Ставрев - против
85. Наќе Стојановски - за
86. Томислав Стојановски - против
87. Воислав Стојаноски - против
88. Благој Стојковски - за
89. Златко Стојменов - против
90. Владо Сугаревски - против
91. Оломан Сулејмани - за
92. Ризван Сулејмани - за
93. Мухамед Таири - за
94. Александар Талевски - против
95. Мевљан Тахири - за
96. Митко Тилевски - против
97. Ѓорѓи Тодоров - не е тука
98. Ристо Тодоров - за
99. Павле Тодоровски - против
100. Панде Томов - против
101. Коце Трајаноски - воздржан
102. Горанчо Трајков - против
103. Танас Трајковски - за
104. Александар Трпевски-не е тука
105. Борислав Трповски - не е тука

106. Слободан Ќосев - против
107. Илија Филиповски - не е тука
108. Александар Флоровски - не е тука
109. Илјаз Халими - за
110. Благој Ханџиски - за
111. Сејфедин Харуни - за
112. Кастриот Хаџиреџа - за
113. Бранко Црвенковски - не е тука
114. Миланчо Черкезов - не е тука
115. Ванчо Чифлиганец - за
116. Арбен Џафери - не е тука
117. Хисни Шаќири - не е тука
118. Алија Шахиќ - за
119. Радмила Шеќеринска- не е тука

(Се пребројуваат гласовите).

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Почитувани пратеници, вкупно гласаа 81 пратеник.

38 пратеници гласаа за, 35 пратеници гласаа против, 8 пратеници се воздржаа од гласањето.

Констатирам дека Собранието не ја донесе Нацрт декларацијата за еднаквост при вработување на припадниците на националностите.

Минуваме на точката 3 - Барање за давање на автентично толкување на член 7 став 1 од Законот за комунални дејности, поднесено од Советот на општина Кисела Вода.

Барањето и извештајот на Законодавно - правната комисија, ви се доставени.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

1. Собранието на Република Македонија констатира дека Барањето за давање на автентично толкување на членот 7 став 1 од Законот за комунални дејности ("Службен весник на Република Македонија" број 45/97 и 23/99), поднесено од Советот на општина Кисела Вода не е оправдано и дека нема потреба од автентично толкување на овој член од причините содржани во Извештајот на Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија.

2. Овој заклучок заедно со Извештајот на Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија да се достави до Советот на општина Кисела Вода.

Предложениот заклучок го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 68 пратеници, од кои 62 за, 3 воздржани и 3 против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на четвртата точка - Предлог на одлука за потврдување на Годишната сметка на Народната банка на Република Македонија за 1999 година.

Предлогот на одлуката и извештаите на работните тела на Собранието и Мислењето на Владата ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Љубе Трпески, гувернер на Народната банка на Република Македонија.

**ЉУБЕ ТРПЕСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, знам дека сте на крајот на силите во овие доцни попладневни часови, затоа сосема кратко.

Пред вас е на разгледување и усвојување Годишната сметка на Народната банка на Република Македонија за 1999 година и Финансискиот план за 2000 година.

Годишната сметка е документ преку кој низ бројки е отсликано работењето на Народна банка на Република Македонија, а Годишниот извештај кој исто така е доставен до Собранието е документ низ кој текстуално е објаснето работењето на Народната банка.

Како што можете да видите од Годишната сметка на Народната банка за 1999 година во минатата година е остварен вишок на приходи над расходи во износ од 44,8 милиони денари кои, согласно Законот, по вашето усвојување на Годишната сметка се префрла во Буџетот.

Вишокот на приходи е нешто помал во однос на 1998 година, бидејќи во 1999 година Народната банка плаќаше повисока камата на депозитите, што државата ги држи во Народната банка, каматата што ја плаќаше во 1999 година изнесуваше 8,9 беше на ниво на есконтната стапка, а во 1998 година плаќате камата со стапка од 5%. Само по овој основ е исплатена повисока камата во текот на 1999 година на Буџетот во износ од 107 милиони денари. На

овој начин наместо на крајот на годината поголем дел од вишокот е префрлен во Буџетот во текот на годината во вид на камата на депозити на државата.

Во однос на Финансискиот план за 2000 година сакам да истакнам дека тој е во согласност со монетарната проекција која вие ја усвоивте за оваа година.

Имено, во 2000 година главен тек, главен канал преку кој се емитуваат и до крајот на годината ќе се емитуваат примарни пари е преку девизните трансакции, преку откупот на девизи. Планирано е во текот на годината Народната банка да откупи вишок на девизи, да ги зголеми девизните резерви за 80 милиони долари, а веќе во првите пет месеци до овој момент се откупени повеќе од 50 милиони долари, така што сигурно тој износ ќе биде надминат. Затоа ставката која е во планот камата по денарски пласмани се предвидува да се намали од 520 милиони денари, колку што беше во 1999 година на 302 милиони денари во 2000 година, затоа што практично многу мал ќе биде износот на аукции на кредитни пласмани како инструмент за дотирање на пари во банкарските текови. Повеќе ќе оди преку овој инструмент што е откуп на девизи на девизниот пазар.

Од таа причина, бидејќи ако се откупи толкава количина на девизи, а ќе се откупи, постои опасност многу да се емитуваат денари и да ги пробијат рамките што се договорени и кои се усвоени на Парламентот и ќе мораме да повлекуваме денари, што е еден од начините кој го предлагаме и го практикуваме преку емисија на благајнички записи. Банките да откупуваат благајнички записи од Народната банка и затоа таа ставка е поголема оваа година, ставката камата по хартии од вредност е предвидено по значително зголемување.

Со оглед на тоа дека надлежните комисии исцрпно раправаа, се водеше и се одговори на најголемиот дел од прашањата што ги поставија пратениците, не би сакал повеќе да должам, ви благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на гувернерот на Народната банка на Република Македонија Љубе Трпески.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Вкупно гласа 72 пратеници, од кои за 70, воздржани 2 и нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за потврдување на Годишната сметка на Народната банка на Република Македонија за 1999 година.

Минуваме на петтата точка - Предлог на одлука за потврдување на Финансискиот план на Народната банка на Република Македонија за 2000 година.

Предлогот на одлуката, извештаите на работните тела на Собранието и Мислењето на Владата ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 78 пратеници од кои 76 за, 2 воздржани и нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за потврдување на Финансискиот план на Народната банка на Република Македонија за 2000 година.

Минуваме на точката 6 - Предлог на Одлука за разрешување и избор на член на Управниот одбор на Јавната здравствена организација - Медицински центар - Тетово.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 71 пратеник од кои 66 за, 2 воздржани и 3 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и избор на член на Управниот одбор на Јавната здравствена организација - Медицински центар - Тетово.

Минуваме на точката 7 - Предлог на Одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за здравствена заштита - Велес.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 71 пратеник од кои 53 за, 14 против и 4 воздржани.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за здравствена заштита - Велес.

Минуваме на осмата точка - Предлог на Одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Демир Хисар.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор?

Има збор господинот пратеник Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

По повод овој Предлог на Одлука сакам да го искажам својот протест во врска со предлогот на членовите за Управниот одбор на Јавната здравствена  Здравствен дом - Демир Хисар од следните причини.

Општо е познато дека Законот обврска со оваа определба бара именување на членови на Управниот одбор по принципот на стручност и компетентност.

Од Предлог - Одлуката кај тројца предложени членови не може да се види таа определба. Дали се работи за стручни и компетентни луѓе, единствено може да се види само кај еден член тоа е Влатко Кузмановски, уролог при Медицинскиот центар во Прилеп.

Втората забелешка е по однос на прашањето кои се причините за членови на Управниот одбор во Јавната здравствена организација - Демир Хисар се предлагаат личности кои живеат и работат во Прилеп во Медицинскиот центар. Општо е познато со оглед на поставеноста на мрежите на здравствената заштита, првиот факт е дека такви стручни и компетентни луѓе можат да се најдат на подрачјето од двете општини Демир Хисар и Сопотница, каде ја остварува својата функција оваа здравствена организација.

Втората работа е доколку се оди и надвор од тоа што е можно во исклучителни случаеви, тогаш природно би било тоа да се бара во рамките на Болницата, односно Медицинскиот центар, всушност сега Болницата и другата здравствена мрежа во Битола, каде што здравствената организација од Демир Хисар примарно и првенствено е упатена своите пациенти за повисока здравствена заштита ги остваруваат во здравствената мрежа градот Битола, пред се во Болницата и другите установи сега по малата организациона здравствена поставеност.

Ова од причини што тоа се прави со децении во изминатиот период и истите тие евентуално потенцијални кандидати ги имаат специфичните услови за подрачјето и проблемите, каде ги пружа услугите оваа здравствена организација.

Мислам дека ваквата одлука ќе предизвика пошироко незадоволство, како кај вработените во Јавната здравствена организација Здравствен дом - Демир Хисар, така и меѓу граѓаните пошироко во двете општини, општина Демир Хисар и Сопотница, а особено мислам дека ќе предизвика реагирање и кај членовите на владеачката коалиција, кои предлагаат членови за Управниот одбор од градот Прилеп, а всушност имаат свои соодветни кадри меѓу сопствените редови од општината Демир Хисар и Сопотница.

Од тие причини јас ќе изразам резерва на оваа Предлог - Одлука и ќе гласам против.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Наќе Стојановски.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 78 пратеници од кои 56 за, 4 воздржани и 18 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Демир Хисар.

Минуваме на деветтата точка - Предлог на Одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Специјална болница за белодробни заболувања и туберкулоза Јасеново - Велес.

Предлогот на одлуката и дописите од Комисијата за избори и именувања ви се поделени.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 74 пратеници од кои 50 за, 6 воздржани и 18 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Специјална болница за белодробни заболувања и туберкулоза Јасеново - Велес.

Минуваме на 10-та точка - Предлог на Одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Скопје.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласа 99 пратеници од кои 54 за, 6 воздржани и 19 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Скопје.

Минуваме на точката 11 - Предлог на одлука за именување претставници на Републиката во Советот на Природно - математичкиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Предлогот на одлуката ви еподелен.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 81 пратеник од кои 67 за, 4 воздржани и 10 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за именување претставници на Републиката во Советот на Природно - математичкиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Минуваме на точката 12 - Предлог на одлука за изменување на одлуката за избор на претседател и членови на комисиите на Собранието на Република Македонија.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес. Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 86 пратеници, 66 за, 7 воздржани и 13 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседател и членови на комисиите на Собранието на Република Македонија.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен ја заклучувам Четириесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 18,05 часот).